РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА






# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2013

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ
ЦАРИНСКА УПРАВА

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ 2013

# СОДРЖИНА


1. РЕЗИМЕ 5

2. РЕГУЛАТОРНА РАМКА 6
ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА 6
ЦАРИНСКА ТАРИФА 7
АКЦИЗИ 8
ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ 8
МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ 9

3. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА 10
УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЦАРИНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО НА ЕУ 10
ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ЕУ 10
ПРОГРАМА ЕУ ЦАРИНА 2013 11
TAIEX 11
CEFTA 12

4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ 14
ОСНОВНА РАМКА 14
ВРАБОТУВАЊЕ 14
ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ 14
РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ И СТРУЧНИ ОСПОСОБУВАЊА 15
ИНТЕГРИТЕТ 16
ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА 17
НАГРАДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ 18
СИНДИКАЛНИ АКТИВНОСТИ 18

5. НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА 19
ОСНОВИ 19
АДМИНИСТРАТИВНИ ПОСТАПКИ 19
БЕЗБЕДНОСТ И КОМУНИКАЦИЈА 20

6. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ 21
ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ И АКЦИЗНИТЕ ПОСТАПКИ 21
УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ФОРМАЛНОСТИ 23
Е_ЦАРИНА 24
НОВ СОФТВЕР ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ (СОЦДАД) 25
EXIM 25
ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ СО ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТ 27
ПОРТАЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА (ПЕК) 28
ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ 29
ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО НА СТОКИТЕ 32
ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ И НАПЛАТА НА ПРИХОДИ 33
ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА (ТМВ) НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ 33

7. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ 34
ОСНОВНА РАМКА 34
ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА 35
ФИЗИЧКА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА 35
ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА 44
ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА 45
РЕЗУЛТАТИ ОД ПОСТЦАРИНСКА КОНТРОЛА 45
ПРЕЗЕМЕНИ ПРАВНИ МЕРКИ ЗА ОТКРИЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ 45
УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ 48
ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ 49
НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ 50
ЦАРИНА 50
ДДВ 51
АКЦИЗИ 51
НАДОМЕСТОЦИ 51

8. ТРАНСПАРЕНТНОСТ 52
ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА 52
ЦАРИНСКА СОРАБОТКА 52

# 1. РЕЗИМЕ

***Во пресрет на Денот на Царинската управа и одбележувањето на дваесет и втората годишнина од основањето со гордост можеме да истакнеме дека Царинската управа на Република Македонија изминатите дванаесет месеци ги помина во бројни активности кои нè донесоа чекор понапред кон исполнување на нашите стремежи да станеме и останеме најдобар сервис на граѓаните, економските оператори и државата, согласно најдобрите национални и меѓународно признати практики и да бидеме лидер во регионот во процесот на пристапување кон Европската царинска унија.***

Посветени кон пошироката општествена цел за зголемување на конкурентноста на македонската економија преку намалување на трошоците на работењето на економските субјекти, нивна заштита од нелојална конкуренција и забрзување на оперативните постапки, изминатата година Царинската управа продолжи со активностите и мерките насочени кон олеснување, забрзување и поедноставување на царинските и акцизните постапки. Статусот на Република Македонија како земја кандидат за членство во ЕУ, но пред сè интересот на нашите граѓани да имаат современа и ефикасна државна администрација, се основните двигатели кои нè обврзуваат Царинската управа да не запира во натамошното реализирање на реформите насочени кон постојано јакнење на своите институционални и административни капацитети и постојано воведување и спроведување на нови повисоки стандарди во работењето.

Царинската управа помина долг пат за денес граѓаните, економските субјекти и меѓународната заедница да нè препознаваат по нашиот професионализам, ефикасност, транспарентност, доверливост и отчетност, како служба способна да ги промовира и олеснува економските активности, ефикасно да ги спроведува законите, да ги чува економските и фискалните интереси на државата, но пред сè успешно да се грижи за животот и здравјето на македонските граѓани.

Изминатите дванаесет месеци ги посветивме на натамошно унапредување на транспарентноста на царинското работење преку зголемена достапност на нашите информации до медиумите и пошироката јавност, унапредување на партнерството со бизнис заедницата во државата, развој на системите од областа на информатичките и комуникациските технологии преку обезбедување на нивната сигурност и непрекинатост, воведување на нови системи во царинското работење согласно највисоките меѓународни стандарди, постојано подобрување на воспоставените професионални стандарди во работата на царинските службеници преку грижа за интегритетот на вработените и на службата во целина.

Изминатите дваесет и две години непрекината работа и остварените успеси, но и визијата и зацртаните плановите за иднината, нè обврзуваат сите нас кои работиме во Царинската управа на Република Македонија да продолжиме, со целосна посветеност и професионалност во работењето, да го даваме својот максимален придонес за да ја издигнеме нашата служба до степен да биде пример за сите и во нашата држава и на меѓународно ниво.

Ние во Царинската управа на Република Македонија има со што да се гордееме и точно знаеме каде одиме – секогаш кон подобро.




# 2. РЕГУЛАТОРНА РАМКА

*Во текот на 2013 година донесени се измени и дополнувања на повеќе закони и подзаконски акти поврзани со царинските постапки, царинската тарифа, акцизите, заштита на правата од интелектуална сопственост и примена на меѓународни договори, насочени кон поедноставување на царинските постапки, намалување на трошоците на економските оператори и зголемување на конкурентноста на домашната економија, како и кон усогласување со правото на Европската Унија.*

## ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА

Во декември 2013 година донесен е **Законот за изменување и дополнување на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ“ бр. 187/13). Со измените се воведе можност за ослободување од плаќање увозни давачки за опрема наменета за научно - истражувачка и иновациска дејност и за стоки наменети за реализација на проекти кои се финансирани во рамките на инструментот за претпристапна помош – ИПА. Истовремено, со нив е прецизирано дека трошоците за анализа и преглед на мострите ги сноси царинскиот орган доколку истите се земени по иницијатива на царинскиот орган. Воедно, со цел за **натамошно унапредување на лојалната конкуренција и на фискалната дисциплина,** донесена е и законска рамка за **објавување на даночни должници за доспеани увозни давачки, акцизи и ДДВ**, неплатени во рок подолг од 90 дена.

Во 2013 година беа донесени три **измени и дополнувања на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон** („Сл.весник на РМ“ бр. 2/13, 92/13 и 177/2013), со кои се изврши утврдување на рокот за примена на одредбите поврзани со имплементацијата на новиот систем за електронска обработка на царинските декларации и акцизни документи (СОЦДАД) од 01.01.2015 и одредбите поврзани со ставањето во функција на Новиот компјутеризиран транзитен систем (НЦТС) од 01.03.2014 година. Исто така, со овие измени имателите на одобренија се задолжуваат, извештаите за раздолжување во постапката за увоз за облагородување, да ги поднесуваат со употреба на техника на електронска обработка на податоци, со користење на Системот за царински постапки со економски ефект E-Lohn, развиен од страна на Царинската управа, а бесплатно доставен на економските оператори.

Врз основа на Регулативата (ЕУ) бр. 388/2013, во март 2013 година, Владата на Република Македонија донесе **Одлука за утврдување на Листата на стоки и технологии со двојна употреба** („Сл.весник на РМ“ бр. 37/13).

**Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за распоредување на стоките на форми на извоз и увоз** („Сл. весник на РМ“ бр.118/13 година) е донесена во август 2013 година, и со неа е воведена нова форма на увоз Д8 која предвидува поднесување на одобрение од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство – Сектор за шумарство и ловство при увоз на одредени видови на дрво од Глава 44 на Царинската тарифа. Воедно, за одредени стоки од Глава 6 и Глава 12 од Царинската тарифа, постојната форма Д1 се заменува со новата форма Д8.

Со измените и дополнувањата на **Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат** („Сл.весник на РМ“ бр. 83/13) донесени во јуни, 2013 година, беа пропишани нови шифри кои што се употребуваат при поднесување на царинска декларација во поедноставена постапка со локално царинење, ослободување од плаќање на увозни давачки за избирачки материјали и надоместоци при увоз на тутунски производи и пакувања од пластични маси. Во февруари 2014 година беше донесен нов **Правилник за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација** („Сл.весник на РМ“ бр. 36/2014), со кој покрај измените во текстот на правилникот на постоечките прилози, се додадени два нови прилози, со кои се пропишани шифрите за пополнување на царинска декларација која се поднесува во електронска форма при спроведување на транзитната постапка, чија што употреба започна од 1 март 2014 година.

Во ноември 2013 година Владата донесе **Уредба за категоризација, обем на користење и работното време на граничните премини**, со која, покрај другото, ГП Табановце (Србија), ГП Деве Баир (Бугарија), ГП Ќафасан (Албанија), ГП Богородица (Грција), ГП Долно Блаце (Косово), железничка станица Волково, Гевгелија и Табановце, како и аеродромот Александар Велики, се утврдуваат како гранични премини од прва категорија. На овие гранични премини работното време е 24/7 за сите присутни служби.

## ЦАРИНСКА ТАРИФА

Како дел од антикризните мерки насочени кон стимулирање на економските активности, Владата на Република Македонија продолжи со намалување на царинските стапки на одредени суровини и репроматеријали, како и на сите видови на алатни машини, железнички товарни вагони и автобуси.

Со **измените и дополнувањата на Законот за царинска тарифа** („Сл.весник на РМ“ бр.11/12) започнувајќи од 01.01.2013 година се **укинаа или беа намалени царинските давачки за стоки кои што се распоредуваат во 128 тарифни ознаки.** Со цел за негово натамошно усогласување со регулативите на ЕУ, во јули 2013 година („Сл.весник на РМ“ бр.93/13), донесени се измени на овој закон. Воедно, укинати се царинските давачки за одделни необработени благородни метали - репроматеријали со цел да се подобри извозната конкурентност на домашната индустрија. Намалувањата и укинувањата на царинските стапки на суровини и репроматеријали наменети за производство имаат за цел намалување на трошоците на производителите и зголемување на конкурентноста на македонските производи. Пондерираната ефективна царинска стапка за 2013 година изнесува 1,38 %.

Како резултат на промени во трговските текови и трговската пракса, а со цел за појаснување и поедноставување на текстовите, во месец декември 2013 година донесена е **Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2014 година** („Сл.весник на РМ“ бр. 179/13).

## АКЦИЗИ

**Во јуни 2013 година донесени се измени и дополнувања на Законот за акцизите** („Сл.весник на РМ“ бр.82/13), со кои се извршени повеќе значајни измени во акцизното работење. Со нив е изменет начинот на пресметка и износот на акцизите за цигари, алкохолни пијалаци и пиво а засилени се и мерките за контрола на трговијата со нафтени деривати, преку воведување на концептот на регистрирани трговци со минерални масла и воведување на GPRS систем за следење на трговијата со т.н. „црвена нафта“. Воедно, со истовремено изменување на Законот за здравствената заштита, Законот за тутун и тутунските производи и Законот за заштита на животната средина, и надоместоците предвидени со овие закони се вклучија во акцизата.

Со **измените и дополнувањата на Правилникот за спроведување на законот за акцизите** („Сл.весник на РМ“ бр. 187/13) од декември 2013 година поблиску се уредува примената на гаранција за обезбедување на акцизен долг за контролни марки; акцизните ослободувања на патнички автомобили за реализирање на проекти финансирани со парични средства на странски донатори; укинување на одредбата за признавање на име оштетени контролни марки растур од 0,3% од преземените контролни марки за обележување на алкохолни пијалаци и 1% од преземените контролни марки за обележување на тутунски производи, односно се укинува намалувањето на акцизата по овој основ.

## ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Во мај 2013 година со **измените и дополнувањата на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост,** се воведува законска основа за бесплатно отстапување на фалсификувана стока во вид на облека и обувки, на семејства чиј вкупен месечен приход не надминува 1,5 просечни месечни плати, како и за санирање на последици од елементарни непогоди. Со цел да се заштитат правата на носителите на трговската марка, како и да се овозможи сигурност дека донираната стока е безбедна за употреба, потребно е да се добие согласност од носителот на правата на трговската марка, да се отстранат обележјата на трговската марка и да се добијат уверенија од надлежните органи дека стоката е здрава и безбедна за користење. Со цел за полесно препознавање на оригиналната стока и откривање на фалсификатите од страна на царинските службеници, во септември 2013 година донесена е **измена на Правилникот за спроведување на Законот за царински мерки за заштита на права од интелектуална сопственост** („Сл.весник на РМ“ бр.132/13), со која се врши прецизирање на податоците за оригиналната стока, кои носителите на правото на заштитените трговски марки се должни да ги наведат пред царинскиот орган.







## МЕЃУНАРОДНИ ДОГОВОРИ

Владата на Република Македонија во декември 2013 година („Сл.весник на РМ“ бр. 185/13) донесе **Одлука за предвремена примена на Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки, од една страна и Република Македонија од друга страна,** за да се земе предвид пристапувањето на Република Хрватска во Европска унија (Протокол кон ССА). Со измените во Протоколот кон ССА се вградени квотите кои Република Македонија ги применуваше со Хрватска во ЦЕФТА договорот, отворени се нови квоти со исти количини колку што беше размената со Хрватска во претходните години, а исто така е зголемена количината на квотата за вино од Македонија за увоз во ЕУ.

Владата на Република Македонија во јануари 2014 година („Службен весник на РМ“ бр. 1/14) ги објави Листите на стоки во рамки на квоти согласно Договорот за пристапување на Република Македонија во СТО[1], согласно Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европска унија и Договорите за слободна трговија со Турција, Украина, Молдова и ЕФТА државите. Единствена измена има кај квотите со Европска унија поради предвремената примена на Протоколот кон ССА.

1 Светска трговска организација

# 3. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

***Постојана и главна агенда на Царинската управа на Република Македонија како услов за пристапување кон ЕУ се активностите насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија, исполнување на техничките и усогласување на организациските барања, развој на административниот капацитет, како и проширување на јавна свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија, а особено транзитот.***

## УСОГЛАСУВАЊЕ СО ЦАРИНСКОТО ЗАКОНОДАВСТВО НА ЕУ

Во јануари 2014 година, донесена е **Уредба за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија** („Сл. весник на РМ" бр. 2/14). Уредбата се донесува врз основа на членот 5, став 3 и став 4 од Законот за Царинска тарифа и во неа се интегрирани сите прилози за распоредување на одредени стоки кои беа опфатени со Уредбата за применување на регулативите на Комисијата на Европските заедници за распоредување на одредени стоки во комбинираната номенклатура („Сл.весник на РМ" бр. 76/07, 84/08, 114/09, 100/10, 95/11, 107/12 и 67/13), како и 25 нови регулативи на Европската унија кои се донесени во период од 01.01.2013 до 30.06.2013 година. Со донесувањето на уредбата, Република Македонија ја исполнува обврската утврдена во Националната програма, како земја кандидат за членство во Европската унија, а воедно се обезбедува правна основа за еднообразна примена на Комбинираната номенклатура за стоките што се распоредени во прилозите од уредбата и во Република Македонија.

## ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ НА ЕУ

### ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА НОВИОТ КОМПЈУТЕРИЗИРАН ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ (НКТС)

Напорите за придружувањето кон конвенцијата за заеднички транзит како еден од најголемите приоритети на Царинската управа, продолжија и во текот на 2013 година. Во рамките на ЕУ ИПА 2008 Програмата, финансирана од ЕУ, беше изработен нов транзитен систем компатибилен со транзитните системи на ЕУ.

Во текот на ноември 2013 година извршена е инсталација на нова верзија на апликацијата на продукциската околина, а со тоа се создадоа услови за продолжување на активностите за имплементација на НКТС, со отпочнување на четвртата сесија на тестирање на апликацијата. Паралелно со тоа продолжија обуките на царинските службеници и воспоставени се пилот испостави. НКТС во Република Македонија е ставен во оперативна функција на национално ниво од 1 март 2014 година.

### ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ИНТЕГРИРАНА ТАРИФНА ОКОЛИНА НА ЕУ (ИТО)

Интегрираната тарифна околина (ИТО) на ЕУ во Република Македонија се реализира преку 2 подпроекти: Имплементација на ИТО и Поддршка во управувањето со имплементација на ИТО.

Проектот започна во октомври 2012 година и со неговото финализирање во октомври 2014 година Република Македонија ќе се приближи до Заедничкиот европски пазар и до Царинската унија на Европска Унија. ИТО ќе го зајакне оперативниот капацитет на Царинската управа согласно стандардите на ЕУ, особено во однос на Царинската тарифа, што е основа на царинските постапки и ќе обезбеди целосна компатибилност и интероперабилност помеѓу IT системите на Царинската управа и соодветните IT системи на Царината на ЕУ.

Воедно, овој систем ќе овозможи економските оператори на едно место on-line да ги имаат информациите за тарифните и нетарифните мерки и пристап до модул за пресметка на царинските и други давачки. Во текот на 2013 година извршени се три тестирања на системот. Севкупниот резултат од овие тестирања е позитивен и општа оценка е дека изведувачот го развива системот согласно прифатените функционални спецификации.








Напоредно со тестирањето на системот, во текот на 2013 година се одвиваа и активности за промени во законската и подзаконската регулатива, трансформација на националната тарифа, реорганизација на Одделението за царинска тарифа, лабораторија, вредност, потекло, ТАРИК и обуки за користење на системот од страна на царинските службеници. Исто така, набавена е и потребната хардверска опрема за проектот. Со цел да се утврди напредокот во спроведувањето на проектните активности поврзани со имплементацијата на ИТЕ, во септември 2013 година беше спроведена Оценска мисија од страна на Европската Комисија, чии резултати беа позитивни.

Системот треба да биде целосно подготвен во октомври 2014 година, кога и дел од него ќе биде оперативен, најпрво на национално ниво, додека останатиот дел ќе биде ставен во функција со нашето членство во Европската Унија.

## ПРОГРАМА ЕУ ЦАРИНА 2013

Програмата ЦАРИНА 2013 (финансирана од средства на Европската унија и кофинансирана од буџетот на Република Македонија) овозможува соработка, размена на информации и најдобри пракси со Царинските администрации на земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати. Истата се спроведува преку семинари, работилници, учество во проектни групи, работни посети и обуки.

Во рамки на Програмата на ЕУ Царина, Царинската управа со свои претставници зема учество на настани поврзани со јакнење на институционалниот и административен капацитет, соработка помеѓу царинските лаборатории и размена на искуства и најдобри пракси за новите ИТ системи неопходни за спроведување на царинските постапки.

Во март 2014 година завршува програмскиот циклус ЦАРИНА 2007–2013 и во постапка е потпишување на договор со Европската Комисија за учество на Царинската управа во новата програма ЦАРИНА 2014-2020.

## TAIEX

Преку TAIEX инструментот за техничка помош, Царинската управа во 2013 година ги реализираше следните активности: Студиска посета со цел размена на искуства во спроведување на царинска постапка во поштенски сообраќај, Меѓународна работилница на тема „Заштита на пријавителите (Whistleblowers protection) – регулатива, практика и предизвици", Меѓународна работилница за Пан-Еуро-Мед, преферен-

цијални правила на потекло, Регионална работилница на тема „Организиран криминал во областа на интелектуалната сопственост“, Работилница на тема „Обработка на биометриски податоци“ и Работилница на тема Борба против фалсификување на евро, во соработка со Министерството за внатрешни работи.

## CEFTA[2]

**На почетокот на 2013 година Царинската управа на Република Македонија го презеде претседателството со Поткомитетот за царина и правила за потекло во рамки на CEFTA.**

Како претседавач на Поткомитетот за царина и потекло на ЦЕФТА во 2013 година, Царинската управа ги реализираше следниве активности:

- Организираше **регионална работилница за Овластен Економски Оператор** (ОЕО) и начините за создавање на ОЕО ЦЕФТА програма што ќе биде компатибилна со програмата на ОЕО на ЕУ и ќе овозможи олеснување на трговијата. Во рамките на работилницата учесниците го посетија седиштето на Алкалоид – Скопје и се запознаа со можностите за воведување на ОЕО.
- Одржа **прв состанок на ЦЕФТА Работната група за управување со ризик во царинското работење**, каде се изготви Предлог работна програма на ЦЕФТА Работната група и се разменија информации и искуства во однос на управувањето со ризици во царинското работење во регионот на ЦЕФТА.
- **Одржа трет состанок на експертите за потекло и Шестти состанок на ЦЕФТА Поткомитетот за царина и правила за потекло**. Тема на третиот состанок на експертите за потекло (CEFTA Origin Experts Network Meeting) кој е организиран во соработка со TAIEX и со поддршка од DG TAXUD, беше имплементацијата на Регионалната конвенција за Пан-евро медитеранските преференцијални правила за потекло, додека тема на шестиот состанок на Поткомитетот за царина и правила на потекло беше хармонизирање на Протоколот за потекло на ЦЕФТА Договорот и искористување на ЕУ како прв чекор кон понатамошните измени на Договорот ЦЕФТА, Спогодбата за стабилизација и асоцијација како и Договорите за слободна трговија со ЕФТА земјите и Турција. Исто така, во рамките на работата на Поткомитетот се разгледуваа и можноста за мерење и анализа на примената на дијагонална кумулација во регионот.

2 CEFTA – Central Euroepan Free Trade Agreement











- **Состанок на Поткомитетот за царини и правила за потекло**, што се одржа на 7 ноември 2013 година во Скопје. Исто така, во рамките на претседателството на Република Македонија на Работната група на ЦЕФТА за управување со ризик беше одржан **вториот состанок**.
- Покрај овие официјални состаноци, Царинската управа организираше **четири технички состаноци** во соработка со TAIEX и IFC.[3]
- Во рамките на претседателството беше промовирана употребата на анализа на ризикот во регионалната трговија, како една од главните алатки за олеснување на регионалната трговија.
- На 5 декември 2013 година, се одржа **заедничка работилница помеѓу ЦЕФТА царинските органи и Санитарните и фитосанитарните агенции**, со цел размена на искуства за сите постапки применливи во царинското работење, со цел да се создаде листа на постоечки мерки за поднесување на барања за податоци, да се олесни размената на информации меѓу агенциите и да се најдат начини за поефикасно користење на анализата на ризик.

3 International Finance Corporation

# 4. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

*Вработените во Царинската управа се гледаат како најважни средства на институцијата, чија вредност е зајакната со континуирано следење и вложување во нивната надградба и развој.*

*Во текот на 2013 година во Царинската управа беа вработени 1.141 лица (26 помалку во однос на 2012 година). Основна причина за намалувањето на бројот на вработени е заминувањето во пензија на дел од вработените, како и престанување на работниот однос од различни причини. Од вкупниот број вработени, 2 лица се со статус на функционери (директор и заменик директор), 1.016 лица се со статус на цармински службеници согласно Законот за Царинската управа, 12 лица се со статус на државни службеници согласно Законот за државните службеници и 111 лица се со статус на работници согласно Законот за работните односи. Во однос на стручната подготовка, 19 вработени се магистри, 605 се со високо образование, 19 се со вишо, 471 се со средно и 27 вработени се со образование од друг вид. Ова значи дека 55% од вкупниот број на вработени во Царинската управа се со високо образование.*

## ОСНОВНА РАМКА

Основите на управувањето со човечките ресурси во Царинската управа се уредени со Законот за Царинската управа, Стратегијата за управување со човечки ресурси, Колективниот договор, Комитетот за развој на институционалниот и административниот капацитет на Царинската управа, како и со други акти и документи.

На почетокот на 2013 Царинската управа донесе ревидирана **Стратегија за управување со човечки ресурси 2013-2015 година.** Со Стратегијата се утврдува целта на управувањето со човечките ресурси, основните принципи и политиките за управување со човечките ресурси, како и стратешките активности за периодот 2013 - 2015 година. Унапредувањето на капацитетот за управување со човечките ресурси (вработување, распоредување, обуки и стручно оспособување, надградување и остварување кариера, механизми за мерење на учинок и механизми на професионална одговорност на вработените) резултира со стручни, ефикасни и компетенти вработени за реализирање на мисијата, визијата и целите на Царинската управа.

## ВРАБОТУВАЊЕ

На почетокот на 2013 година Царинската управа донесе **Програма за вработување** и **План за вработување за 2013 година.** Со Програмата се обезбедува извршители со одредено академско и професионално знаење и способности да засноваат работен однос во Царинската управа. Со континуирано регрутирање на нов кадар се зголемува ефективноста и ефикасноста во остварување на надлежностите на Царинската управа. Реализацијата на Програмата е поддржана со **План за вработување**.

## ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ

На почетокот на 2013 година Царинската управа донесе ревидирана **Стратегија за обуки и стручно оспособување и усовршување на царинските службеници** 2013 – 2015 година. Со оваа Стратегија се утврдуваат приоритетите, целите, активностите, придобивките, улогите и одговорностите на учесниците во процесот на обуки преку кои ќе се развие одржлив и стабилен систем на обука кој ќе придонесе за развивање на култура на постојано учење.






Донесен е и **Каталог на обуки за стручно оспособување и усовршување,** кој претставува основа за зголемување на квалитетот на изведувањето на обуките и има за цел да им помогне на раководителите во донесувањето на правилна одлука за видот на обуката која е потребно да ја посетуваат вработените и планирање на ресурсите.

На почетокот на 2013 година е донесена **Стратегија на Регионалниот тренинг центар на Светската царинска организација во Скопје 2013-2015 година** со која ќе се овозможи континуирано учење, размена на знаења, информации на царинските службеници од царинските администрации од регионот и бизнис заедницата од регионот. Приоритетите во Стратегијата се **обезбедување на специјализирани обуки и олеснување на трговијата.**

## РЕАЛИЗИРАНИ ОБУКИ И СТРУЧНИ ОСПОСОБУВАЊА

Во 2013 година се спроведени 360 активности на стручно оспособување на царинските службеници реализирани со вкупно 3.861 учесници[4]. Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, споредeн со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување во времетраење од 23,66 час, односно секој вработен потрошил приближно 3 работни дена за обуки.

Со **Годишниот план за обуки и стручно оспособување** и усовршување за 2013 година предвидени се 45 активности на годишно ниво во вид на обуки, курсеви за електронско учење и презентации, од кои се реализирани **35** настани (77,78% реализација). Темите на кои беа организирани обуките се фокусираа на ефикасно и ефективно спроведување на надлежностите на Царинската управа и нејзините вработени, како што се контролата на примена на законите, спречување на внесување нелегална стока и навремена наплата на царинските и други давачки.

Посетеноста на поставените **курсеви за електронско учење** во изминатиот период е следна:

- „Единствено одобрение за поедноставени постапки" во траење од 4 часа до сега го следеле 306 учесници,
- „Единствен идентификационен број на економските оператори (EORI)" во траење од 30 минути до сега го следеле 261 учесници,
- „Преглед на контејнери" во траење од 4 часа до сега го следеле 427 учесници,
- „Контрола на прекурзори" во траење од 3 часа до сега го следеле 320 учесници.

Одржана е и **основна обука** за нововрабoтени и унапредени царински службеници со која беа обучени 33 царински службеници.

Во текот на изминатата година Царинската управа им овозможи на 102 студенти од факултетите со кои се склучени меморандуми за соработка, преку **практикантска работа**

4 Од 1.142 вработени 415 вработени биле учесници на овие обуки. Одредени вработени биле учесници на повеќе обуки

да се запознаат со улогата и надлежностите на Царинската управа.

За остварување на политиката за избор, вработување и воведување во работата, согласно Стратегијата за управување со човечки ресурси, донесена е Програма за волонтирање за 2013 година, според која **8 волонтери** извршуваа работи и работни задачи во царинарниците Скопје, Куманово, Штип и Битола.




## ИНТЕГРИТЕТ

Покрај веќе воспоставените системи за јакнење на интегритетот и професионалниот однос на вработените во Царинската управа и спречување на корупцијата и судирот на интереси, во 2013 година се продолжи со реформите во оваа област со континуирана непосредна контрола на профилирани ризици со постојано надградување на сопствените институционални и административни капацитети.

Донесен е нов **Кодекс на однесување на царинските службеници**. Новиот текст на Кодексот е изготвен согласно барањата на ИСО стандардите, а со него се определуваат основните принципи на однесување и работење на царинските службеници.

Исто така донесени се и нови **Правила за ред и дисциплина во Царинската управа** кои се изготвени согласно барањата на ИСО стандардите, а во истите се додадени одредби со кои се дополнети основните правила за ред и дисциплина.

Секторот за професионална одговорност продолжи со активностите за јакнење на интегритетот на вработените и системите за превенција и откривање на случаи на дисциплински повреди и злоупотреба на службена должност на вработените, како и со редовни инспекции на спроведување на царинските прописи од страна на сите организациони единици во Царинската управа.

Во 2013 година се **спроведени 124 внатрешни истраги** врз основа на примени поплаки кои се однесуваат на незаконито и непрофесионално постапување на вработените, информации примени на отворената царинска линија 197 во врска со непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа поради основано сомнение дека царински службеници работеле спротивно на позитивните законски одредби. Притоа, во 37 случаи е утврдено основано сомнение дека царински службеници работеле спротивно на законските одредби, подзаконските акти, оперативните инструкции и етичкиот кодекс, односно констатирано е постапување спротивно на Правилата за ред и дисциплина во Царинската управа, Кодексот на однесување на царинските службеници како и Упатството за вршење селективни контроли во царинското работење. За споредба, во 2012 година беа спроведени 87 внатрешни истраги, додека во 2011 година 93 внатрешни истраги.

Во 2013 година **спроведени се и 76 внатрешни инспекции** (во 2012 година завршени се 49 внатрешни инспекции, додека во 2011 година 45). Од спроведените внатрешни инспекции, констатирани се 26 неправилности, кои претежно се однесуваат на непостапување согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти, оперативните инструкции, односно непостапување согласно одредбите на упатствата донесени од Царинската управа.






Врз основа на констатираните неправилности од страна на Секторот за професионална одговорност, спроведени се дисциплински постапки кои резултирале со изречени дисциплински мерки: писмени опомени, парични казни и отказни решенија за царинските службеници.

Поради незадоволителна работна изведба **во 60 случаи на царински службеници им е утврдена плата во намален износ**.

Во 2013 година поднесени се две кривични пријави против тројца царински службеници, од кои, една поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело „Употреба на исправа со невистинита содржина" и другата поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело „Несовесно работење во службата".

**Во 2013 година преку телефонскиот број 197 се примени 65 поплаки**, врз чија основа во 16 случаи се изготвени извештаи од извршена контрола, во 3 случаи се изготвени писмени информации во врска со неоснована поплака, а во 4 од нив е констатирано повреда на службените обврски и кршење на правилата за ред и дисциплина. Останатите поплаки беа разгледани, меѓутоа по однос на истите не можеше да се постапува од причина што не содржеа доволно проверливи податоци за сторено повредување на службените обврски, за коруптивно однесување на вработен или за кршење на правилата за ред и дисциплина.

Во поплаките генерално странките наведуваат непрофесионално однесување на царинските службеници во постапувањето при извршување на нивните обврски и овластувања.

Согласно обврската, по склучување на договор за вработување со Царинската управа или по престанок на работниот однос, службените лица од Царинската управа да достават пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, кумулативно во 2013 година од страна на царинските службеници се поднесени 79 анкетни листови, 86 изјави за промена на имотната состојба и 11 изјави за судир на интереси.

## ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА

Царинската управа ја зајакнува функцијата на внатрешната ревизија како интерен контролен систем на усогласеноста во постапувањето со законите, политиките, стратешките планови, внатрешните правила и процедури, економичноста и ефикасноста на користењето на ресурсите и соодветна контрола на ризиците. Наодите на ревизијата се алатка на менаџментот за подобрување на процесите на раководење и воспоставување на нови потребни практики.

Во 2013 година извршени се вкупно 20 ревизии. Врз основа на ревизиите утврдени се вкупно 81 наоди и дадени се вкупно 83 препораки за подобрување на работењето.





Од вкупно 83 дадени препораки од страна на внатрешната ревизија, реализирани се 67 препораки, делумно е реализирана една препорака, во тек на реализација се 8 препораки, а не е изминат рокот за имплементација на 7 препораки.

## НАГРАДУВАЊЕ И УНАПРЕДУВАЊЕ

Во март 2013 година е донесен нов **Правилник за системот на наградување на царинските службеници** („Сл.весник на РМ“ бр.40/13). Со овој Правилник се пропишува системот за наградување на царинските службеници, во кој се вклучува видот на наградите, критериумите и постапката за нивното доделување. Како видови на награди се предвидени: јубилејна награда, бонус, парична награда и признанија во вид на плакета и пофалница.

Во 2013 година во Царинската управа извршени се **117 унапредувања, од кои 25 цамрински службеници се унапредени во Централната управа и 91 во Царинарниците.**

## СИНДИКАЛНИ АКТИВНОСТИ

Самостојниот синдикат на Царинската управа е доброволна организација која води грижа за работниците. Во 2013 година синдикатот на Царинска управа имаше повеќе активности меѓу кои ќе ги истакнеме донесувањето на Правилник за користење на средства од синдикална членарина за солидарна помош, обезбедена е бесплатна правна помош за членовите на Синдикатот, реализирани се повеќе работни посети по Царинарници и обезбедени се бесплатни билети за членовите на Синдикатот за повеќе културно-забавни манифестации.

Самостојниот синдикат на Царинска управа во 2013 година ги организираше петтите синдикални спортски игри кои се одржаа во Охрид. На истите учествуваа 150 царински работници кои се натпреваруваа, дружеа и забавуваа во следните дисциплини: мал фудбал, кошарка, одбојка, стрелаштво, шах, пинг – понг, пикадо и влечење на јаже. Со вакви активности на вработените се зајакнува нивниот тимски дух и се придонесува кон унапредување на меѓусебните односи и комуникацијата.










# 5. НАДЛЕЖНОСТ И ОРГАНИЗАЦИЈА

***Основа за извршување на законските обврски и надлежности на Царинската управа претставува соодветната организациона поставеност, како и за поедноставување на царинските постапки и намалување на трошоците на економските оператори. Царинската управа во претходните години имплементира повеќе системски решенија за поставување соодветна организација.***

## ОСНОВИ

На почетокот на 2013 година Царинската управа донесе ревидиран **Стратешки план на 2013-2015 година.** Со Стратешкиот план се утврдени мисијата, визијата, вредностите, стратешките приоритети, целите и начинот на остварување на приоритетите со одредување на потребните активности, за периодот 2013 - 2015 година. Основа за донесување на овој Стратешки план се активностите од претходниот период со кои Царинската управа се реформираше во препознатлива професионална служба, способна да ги поддржува и олеснува економските активности и да го контролира применувањето на законите, како и да учествува во пристапните преговори за членство на Република Македонија во ЕУ.

Истовремено, Царинската управа донесе и **Акционен план за период 2013 - 2015 година.** Во него се определени активностите, носителите на активности со рокови за нивна реализација и потребните ресурси за нивно остварување. Секоја активност од Акциониот план е поврзана со одредена цел која придонесува за остварување на стратешките приоритети.

Согласно барањата на стандардот за квалитет ISO 9001:2008, во текот на 2013 година беа донесени бројни упатства, процедури и други интерни акти од организациски и логистички аспекти.

## АДМИНИСТРАТИВНИ ПОСТАПКИ

Посветеноста на Царинската управа за законско и процедурално, оптимално спроведување на административните постапки и дополнително реформирање и унапредување на воспоставениот систем продолжи и во 2013 година.

**Електронскиот систем за управување со документи (ЕДМС)**, воведен во 2009, а задолжителен од 2010 година, овозможува електронско движење на документите во Царинската управа. Преку овој систем се управуваат **повеќе од 180 работни процеси** (Workflow–WF), со предефинирани деловни процеси, кои се произлезени од претходно направена анализа. Во текот на 2013 година остварени се 281.585 пристапи, креирани се 74.872 предмети и регистрирани се 1.139 корисници на системот.




## БЕЗБЕДНОСТ И КОМУНИКАЦИЈА

Видеоконференцискиот систем на Царинската управа е можност за видеоконференциско присуство на функционерите на органите на државна управа на седниците на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и на седниците на Владата на Република Македонија. Во системот се **вклучени 200 корисници од органите на државната управа**, кои во текот на 2013 година реализираа 3.313 видеоконференциски присуства на седниците на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и на седниците на Владата на Република Македонија. Во рамки на Царинската управа, во системот се вклучени 50 корисници кои реализираа вкупно 4.165 повици.

### КОРИСТЕЊЕ НА ЕЛЕКТРОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ДОКУМЕНТИ (ЕДМС)

| Опис | 2012 | 2013 | 2013/2012 |
|---|---|---|---|
| Корисници | 1.161 | 1.139 | -22 |
| Пристапи | 204.208 | 281.585 | 77.377 |
| Отворени предмети | 73.332 | 74.872 | 1.540 |

# 6. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

***Континуираното работење на олеснување и забрзување на царинските постапки и градење на модерна институција што ќе биде рамноправен партнер на компаниите како клучен двигател на економијата, беа едни од основните цели на Царинската управа во текот на 2013 година.***

## ПОЕДНОСТАВУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ И АКЦИЗНИТЕ ПОСТАПКИ

Забрзувањето и олеснувањето на царинските постапки, приспособени на потребите на бизнис заедницата, беше причина за постојана анализа и усовршување на интерните акти врз основа на кои се вршат постапките за извоз, увоз, транзит, царински постапки со економски ефект, заштита на права од интелектуална сопственост и издавањето на секаков вид одобренија. Како резултат на тоа, во текот на 2013 година извршено е ревидирање на некои од веќе постоечките интерни акти, но и воведување на нови упатства за спроведување на царинските постапки.

Со **Корисничко упатство за работа со системот за интероперабилност**, донесено во јануари, 2013 година, органите на државна управа по службена должност и електронски едношалтерски пат ќе бидат во можност да обезбедуваат документи од други органи на државната управа, за сметка на надворешните корисници. Системот има карактер на Пилот проекти во оваа фаза, Царинската управа го користи за добивање информации при издавањето царински и акцизни дозволи, преземањето мерки за наплата на даночни побарувања, контроли и истраги итн.

**Водичот за царинење на стоки за 2013 година** е ревидиран, на начин што истиот е дополнет со измените од Одлуката за форми на извоз и увоз на стоки („Сл.весник на Р.М" бр.42/2013), и објавен е на веб страната на Царинската управа. Во март 2013 година донесено е **Упатство за примена на царинската тарифа во царинска постапка** со кое се уредува постапката за правилна примена на царинската тарифа во процесот на царинење на стоки, со цел правилно утврдување на царинскиот долг и примена на нетарифните мерки.

Воедно, во март е донесено и **Упатството за издавање на Задолжителна тарифна информација (ЗТИ)** со кое се уредува начинот на издавање, изменување и дополнување или одземање (поништување) на ЗТИ и нејзиното користење при царинење на предметната стока, со што се обезбедува правна гаранција на компаниите, а воедно и еднообразна примена на Царинската тарифа.

Со цел определување на начинот и постапката на давање на овластување на трговските друштва односно печатници, како и условите кои треба да се исполнат за печатење и дистрибуција на ЕУР обрасци, кои се користат за докажување на потекло на стоки, донесено е **Упатство за начинот и постапката за овластување на печатници за печатење и дистрибуција на ЕУР обрасци.**

Во 2013 година Царинската управа донесе **Упатство за начинот и постапката за издавање на одобрение за одобрен извозник** со кое се уредува начинот и постапката за издавање одобрение за одобрен извозник во рамки на спогодбите/договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со одредени земји или група на земји. Одобрението за одобрен извозник се применува за поедноставување на постапката за докажување на потеклото на стоките и со неговото издавање, на имателот му се овозможува да изготвува изјави во фактура како доказ за преференцијално потекло, без разлика на вредноста на стоката за која се однесува изјавата.

Со **Упатството за издавање на одобрение за користење на методот на сметководствено раздвојување, донесено во март, 2013 година,** се уредува начинот и постапката за издавање одобрение за користење на методот на сметководствено раздвојување во рамки на спогодбите/договорите за слободна трговија кои Република Македонија ги има склучено со одредени земји или група на земји. Со одобрување на користење на методот на сметководствено раздвојување, на производителот му се овозможува непречено да ги користи залихите на материјали со потекло и материјали без потекло кои се идентични и заменливи, за производство на производи со македонско преференцијално потекло, во случај кога има значителни финансиски или материјални потскоци при одвоено чување на овие залихи.

Со цел да се уреди начинот и постапката при издавање и употреба на задолжителна информација за потекло во постапката на извозно царинење, во првиот квартал е **подготвено Упатство за издавање и употреба на задолжителна информација за потекло (ЗИП).** Со издавање на ЗИП, на производителот на одредена стока му се овозможува да добие потврда за статусот на потекло на произведената стока со цел поедноставување на постапката на издавање или изготвување на доказите за потекло, обезбедување на правилна и еднообразна примена на правилата и соодветна правна гаранција за потеклото на стоката во периодот на важење на ЗИП.



Во март 2013 година е донесено **Упатство за прием на царинска декларација за транзит пред ставање на стоката на увид**, во кое се вградени барањата на Советодавното тело кои се однесуваа на елиминирање на еден од досегашните критериуми за добивање на одобрение за поднесување на царинска декларација за транзит пред ставање на стоката на увид на царинскиот орган. Согласно Упатството, одобрение се добива со исполнување на само 2 критериуми: за стоката да не се предвидени посебни мерки на трговската политика и таа да не претставува стока со поголем ризик од измама.

Со цел да се обезбеди документите кои се наменети за повеќекратна употреба и примена во една или повеќе организациони единици на Царинската управа, да бидат достапни на сите царински испостави преку електронскиот систем за управување со документи на Царинската управа (ЕДМС) и декларантот да нема обврска за приложување на хартиена копија од овие документи кон царинската декларација за ставање на стока во царинска постапка или при остварување на некое право или поволност во таа постапка, донесено е **Упатство за користење на царински документи со важност во сите организациони единици на Царинската управа.**

Во насока на обезбедување на примена на правилата за преференцијално потекло на стоката во Република Македонија и доколку стоката ја напушта и се враќа на територијата на Република Македонија за доработка и преработка, пред да биде дефинитивно извезена како стока со преференцијално потекло од Република Македонија, донесено е **Упатство за примена на територијалните услови согласно спогодбите/договорите за слободна трговија.**

## УСЛОВИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ФОРМАЛНОСТИ

Во насока на натамошно забрзување на постапките за царинење на самите гранични премини, минимално време на чекање во неработните денови и празниците, како и намалување на трошоците, Царинската управа во 2013 година со овозможување за спроведување постапка за увозно царинење на граничните премини Ќафасан (Албанија) и Табановце (Србија) успеа да ја заокружи целината од увозно-извозно царинење 24/7 барем на еден граничен премин наспрема сите соседни земји.






**Во 2013 година овозможен е извоз на акцизни стоки во Албанија на ГП Блато кај Дебар.** До 2012 година извозот на овие производи можеше да се врши само на граничниот премин Ќафасан, што значително ги зголемуваше трошоците поврзани со транспорт во дестинации во Албанија кои не гравитираат во регионот на Ќафасан (ова посебно се однесува на пиварската индустрија).

## Е_ЦАРИНА

Кон крајот на 2013 година **воспоставен е систем за размена на електронски информации помеѓу Царинска управа и Управата за јавни приходи, со цел олеснување на постапките за поврат на ДДВ при извоз на стока.** Како резултат на овој систем, компаниите веќе не мора да доставуваат хартиени документи за увоз на стока издадени од Царинската управа при поднесување на ДДВ пријави во УЈП.

**Воведени се електронски пред - декларации (најава) за корисниците на TIR карнети - TIR-EPD**[5]**.** Во август 2013 година ставена е во функција апликација со која се овозможува систематска електронска размена на податоци помеѓу Царинската управа од една страна и корисниците на TIR карнети и IRU[6] од друга страна. IRU дејствува како „брокер за пораки" помеѓу корисниците на TIR карнетите и Царинската управа**.** Придобивките за економските оператори се следните:

- се намалува времето на чекање на транспортерите на царинските терминали;
- се овозможува самостојна подготовка на TIR карнетите од страна на транспортерите;
- нема потреба од шпедиција и по таа основа се остварува ефективна заштеда на средства.

5 EPD – Electronic Pre-Declaration
6 IRU-International Road Transport Union



## НОВ СОФТВЕР ЗА ОБРАБОТКА НА ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ (СОЦДАД)

Во 2013 година продолжија активностите за развој на новиот Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), кои започнаа во мај 2012 година. Воведувањето на новиот систем ќе обезбеди интероперабилност и интерконективност со царинските информатички системи на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи, контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на Европската Унија и Светската царинска организација. Долгорочна цел на проектот СОЦДАД е создавање на систем што ќе овозможи непречен проток на електронски информации помеѓу сите учесници во процесот во царинските и акцизните постапки.

Во текот на годината се имплементираа и воедно се тестираа дел од модулите кои беа испорачани во рамките на системот. За потребите на развој на новиот СОЦДАД усогласени се ставовите околу поврзувањето на овој систем со Новиот Компјутеризиран Транзитен Систем (NCTS), Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки и тарифни квоти (EXIM) и Системот за интегрирана тарифна околина (ITE), кој се развива во рамки на проектот ИПА 2009.

## EXIM

Електронскиот систем за издавање увозни и извозни дозволи и тарифни квоти_EXIM, кој е во функција од 2008 година па навака, од година во година станува се пософистициран, зголемувајќи ја ефикасноста при забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на регистрирани корисници.

Во 2013 година завршија активностите од четвртата фаза за унапредување на EXIM, во делот на апликативното унапредување на системот, а воедно изработени се и нови функционалности.

Со цел унифицираност, подобра информираност, олеснета достапност и примена на информации за користење на EXIM, наменети за економските оператори Владата на Република Македонија донесе **изменување и дополнување на Уредбата за воспоставувањето и начинот на користење на информациониот систем за обработка на податоци во електронски облик и електронски потпис при постапки за увоз, извоз и транзит** („Сл. Весник на РМ" бр. 138/13.)

На крајот од 2013 година, во EXIM беа **регистрирани 4.563 економски оператори** – корисници на системот, кои преку кои преку 11 (од 16 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, во EXIM можеа да аплицираат за **59 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи** и тарифни квоти. Во текот на 2013 преку EXIM се **издадени 74.491 дозволи. Просечното време за добивање на овие дозволи во текот на четвртиот квартал изнесуваше околу 2,5 часа.**

### СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТА НА EXIM

| Опис | 2010 | 2011 | 2012 | 2013 |
|---|---|---|---|---|
| Број на инволвирани државни институции | 15 | 16 | 16 | 16 |
| Број на економски оператори корисници | 520 | 1,857 | 3,540 | 4,563 |
| Издадени увозни, извозни и транзитни дозволи | 52.118 | 66.781 | 71.467 | 74.491 |
| Поднесени барања за тарифни квоти | 5.202 | 3.860 | 4.091 | 3.930 |
| Просечно време за добивање на дозвола | 5,6 часа | 2,5 часа | 1,5 часа | 2,4 часа |

## УВОЗНИ И ИЗВОЗНИ ДОЗВОЛИ ИЗДАДЕНИ ПРЕКУ EXIM

| Име на дозволата | Број на издадени дозволи | | | |
|---|---|---|---|---|
| | **2010** | **2011** | **2012** | **2013** |
| Одобрение за увоз на ветеринарно медицински препарати | 147 | 166 | 145 | 175 |
| Документ за ветеринарна проверка на продукти за исхрана на животни при увоз | 234 | 295 | 432 | 551 |
| Ветеринарен влезен документ за живи животни | 361 | 520 | 609 | 556 |
| Ветеринарен влезен документ за производи од животинско потекло | 3.010 | 12.694 | 12.893 | 12.697 |
| Согласност пратката со храна, производи и материјали кои доаѓаат во контакт со храната да влезе на територијата на РМ | 23.972 | 25.277 | 27.375 | 28.031 |
| Одобрение за пренесување (трансфер) на оружје и муниција при увоз | 90 | 108 | 106 | 124 |
| Дозвола за извоз на прекурзори | 191 | 186 | 164 | 168 |
| Дозвола за извоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 555 | 523 | 524 | 498 |
| Дозвола за увоз на прекурсори | 214 | 234 | 220 | 255 |
| Одобрение за увоз на лекови | 2.500 | 2.763 | 3.226 | 3.497 |
| Одобрение за увоз на медицински помагала | 1.983 | 3.165 | 3.717 | 4.238 |
| Одобрение за увоз на опасни и други видови на хемикалии | 712 | 827 | 1.146 | 1.298 |
| Дозвола за увоз на опојни дроги и психотропни супстанции | 150 | 159 | 143 | 152 |
| Дозвола за транспорт/транзит на опасни материи | 815 | 880 | 907 | 1.155 |
| Согласност за царинење на предмети за општа употреба | 6..891 | 7.710 | 8.237 | 8.654 |
| Потврда за извршен органолептички преглед и земени мостри | 5.406 | 8.596 | 9.464 | 9.678 |
| Одобрение за увоз на производи за заштита на растенијата | 166 | 195 | 140 | 187 |
| Уверение за извоз и изнесување на незаштитени културни добра | 285 | 257 | 266 | 517 |
| Други дозволи | 4.399 | 2.263 | 1.750 | 2.060 |
| **Вкупно:** | **52.081** | **66.818** | **71.464** | **74.491** |




Најголем број од издадените дозволи се однесуваат на увоз на прехранбени производи (28 илјади), ветеринарни документи (12,6 илјади), потврди за органолептички преглед (9,7 илјади), согласности за царинење на стока за општа употреба (8,6 илјади) и лекови и медицински помагала (7,7 илјади).

**Воведени се и посебни EXIM веб страници на државните органи - корисници** на кои се објавуваат содржини наменети за информирање на економските оператори, корисници на системот.

## ЕЛЕКТРОНСКО УПРАВУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ СО ЕКОНОМСКИ ЕФЕКТ

**Електронскиот систем за постапки со економски ефект „E_Lohn“, финансиран со средства од Светската банка,** ставен е целосно во функција од крајот на март 2013 година. **„E_Lohn“** овозможува електронско аплицирање и добивање одобренија за сите видови на постапки со економски ефект (увоз за облагородување, царинско складирање, извоз за облагородување, преработка под царинска контрола и привремен увоз), како и поднесување на документи за следење на постапката за увоз за облагородување во електронски обработлив формат преку XML пораки. „E_Lohn“ овозможува поволности како за имателите на одобренија, така и за Царинската управа: поднесување на барања и издавање на одобренија за постапките со економски ефект во електронски обработлив формат.

„E_Lohn“ во 2013 година го користеа 267 компании, на кои им беа издадени 2.618 одобренија и со кои се разменети 16 илјади пораки со компаниите.

Најголем број од издадените одобренија се однесуваат на одобренија за привремен увоз издадени врз основа на поедноставени барања за привремен увоз (1.958), одобренија за извоз за облагородување издадени врз основа на поедноставени барања за извоз за облагородување (467) и одобренија за увоз за облагородување (132).

## СОСТОЈБА НА ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА

| Вид на одобрение | 2012 | 2013 | 2013/2012 |
|---|---|---|---|
| **Одобрение за царинско застапување** | **328** | **332** | **4** |
| **Лиценца за царинско застапување** | **1.035** | **1.132** | **97** |
| **Царински постапки со економски ефект** | **5.969** | **11.022** | **5.053** |
| Одобрение за увоз за облагородување | 182 | 174 | -8 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 14 | 14 | 0 |
| Одобрение за царинско складирање | 77 | 76 | -1 |
| Преработка под царинска контрола | 1 | 1 | 0 |
| Одобренија за еднократна примена | 5.695 | 10.757 | 5.062 |
| **Поедноставени царински постапки** | **259** | **275** | **16** |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 28 | 70 | 2 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 79 | 90 | 11 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 76 | 80 | 4 |
| Одобрение за овластен испраќач | 33 | 33 | 0 |
| Одобрение за поедноставено декларирање | 3 | 2 | -1 |
| **Задолжителна тарифна информација** | **419** | **481** | **62** |
| **Одобрение за одобрен извозник** | **77** | **93** | **16** |
| **Одобрение за одложено плаќање на долг** | **108** | **147** | **39** |
| **Акцизи** | **395** | **400** | **5** |
| Акцизни дозволи | 83 | 81 | -2 |
| Одобренија за акцизно повластено користење | 312 | 319 | 7 |
| **Вкупно** | **8.590** | **13.882** | **5.292** |

## ПОРТАЛ ЗА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИЈА (ПЕК)

Во рамки на Интегрираниот информативен систем на Царинската управа, на интернет страницата на Царинската управа е поставен Портал за електронска комуникација – ПЕК, преку кој **надворешните корисници можат да пребаруваат над 70 стандардни, електронски контролирани барања**, кои во Царинската управа електронски се архивираат, процесираат и враќаат до барателите. Преку ПЕК корисниците добиваат достапност на услугите на Царинската управа 24/7, заштеда на време и трошоци поради електронско поднесување и преземање на документацијата и намалување на времето потребно за добивање одговор на барањата. На крајот на декември 2013 година во ПЕК беа **регистрирани 395 надворешни корисници**. Надворешните корисници преку ПЕК доставија **27.404** барања од кои 9.195 беа **одобрени**. Најголем дел од издадените барања се однесуваат на ослободување од плаќање на увозни давачки (5.918), по кое следат поедноставените постапки при извоз (2.231).









## ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ

### ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА И ЛИЦЕНЦИ

#### *Застапување во царински постапки*

На крајот на декември 2013 година 332 компании имаа одобрение за вршење работи на застапување во царински постапки, што е за 4 повеќе од издадени одобренија на крајот од 2012 година. Бројот на физички лица - иматели на лиценци за вршење работи на застапување во царински постапки, на крајот на декември 2013 година изнесуваше 1.132, што е за 97 повеќе од бројот на издадени лиценци на крајот на 2012 година.

#### *Поедноставени царински постапки*

На крајот на декември 2013 година активни се **275 одобренија за поедноставени постапки (за 16 повеќе од 2012)** од кои 70 одобренија за локално царинење при увоз, 90 одобренија за локално царинење при извоз, 80 одобренија за овластен примач во транзит, 33 одобренија за овластен испраќач и 2 одобренија за поедноставено декларирање. Континуираното зголемување на бројот на одобренија за поедноставените царински постапки значи зголемување на капацитетот на економските оператори и на Царинската управа за управување со ризиците, но воедно овозможува и забрзување на увозот и извозот и намалување на трошоците.

#### *Царински постапки со економски ефект*

Најзастапен вид царинска постапка со економски ефект е увозот за облагородување, по што следи извозот за облагородување и царинско складирање. Имателите на ваков вид на одобренија во најголем процент припаѓаат на текстилната индустрија, по што следат иматели од областа на чевларската индустрија и металургијата. На крајот на декември 2013 година, 174 трговски друштва се иматели на одобрение за увоз за облагородување и 14 трговски друштва поседуваат одобрение за извоз за облагородување. Истовремено, 76 трговски друштва поседуваат одобрение за царинско складирање. Покрај претходно наведените одобренија за царински постапки со економски ефект кои имаат повеќекратна употреба, Царинската управа издава и одобренија за царински постапки со економски ефект за еднократна употреба. За декември 2013 година се издадени вкупно 322 одобренија од овој вид од кои, едно одобрение за поедноставено одобрение за увоз за облагородување, 204 одобренија за привремен увоз со целосно ослободување, 79 одобренија за привремен увоз со делумно ослободување и 34 одобренија за привремен извоз заради поправка.

Во месец декември 2013 издадено е едно - првото уверение за овластен економски оператор ОЕО-Ф.

### *Задолжителна тарифна информација (ЗТИ)*

Заклучно со декември 2013 година, важечки се 481 задолжителни тарифни информации (ЗТИ). Задолжителната тарифна информација ја издава Царинската управа по писмено барање од страна на правно или физичко лице за утврдување на тарифната ознака за одреден тип на стока со цел да се утврдат царинските и другите давачки или примена на нетарифни мерки за планиран увоз или извоз. ЗТИ има важност од 3 години и придонесува за упростување и забрзување на царинските постапки во делот на тарифно распоредување на стоките, за зголемување на предвидливоста на царинското постапување на економските оператори, како и за еднообразна примена на Царинската тарифа и правилна наплата на царинските давачки.

### *Одобрение за одобрен извозник*

Бројот на активни одобренија за одобрен извозник заклучно со крајот на 2012 година изнесуваше 77. Овој број континуирано се зголемуваше во текот на 2013 година, односно се зголемува и листата на одобрени извозници иматели на ова одобрение, па така вкупниот број на активни издадени одобренија за одобрен извозник заклучно со месец декември 2013 година изнесуваше 93 одобренија. Со издавање на одобрението за одобрен извозник на имателот му се овозможува поедноставување на постапката за докажување на потеклото, односно му се овозможува да изготвува изјави во фактура со кои го докажува преференцијалното потекло без разлика на вредноста на стоката за која се однесува изјавата. Ова е особено важно доколку извозникот веќе поседува и одобрение за локално царинење и извозната постапка ја извршува надвор од царинските терминали и надвор од работното време.

### *Одобренија за одложено плаќање на царински долг*

Состојбата на издадени одобренија за одложено плаќање на царински долг На крајот на 2012 година изнесуваше 128, а на крајот на декември 2013 година беа активни **147 одобренија за одложено плаќање на царински долг,** што е за 39 одобренија повеќе во однос на крајот на 2012 година.

**КОРИСТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА ВО 2013 ГОДИНА**
**(Во милијарди денари)**

| Договорна страна | Извоз | | Увоз | | Вкупно | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | МКД | % | МКД | % | МКД | % |
| ЕУ | 111,4 | 77,8 | 100,5 | 76,3 | 214,6 | 77,1 |
| ЕФТА | 0,8 | 0,5 | 0,9 | 0,7 | 1,7 | 0,6 |
| ЦЕФТА | 29,1 | 19,8 | 21,2 | 16,1 | 50,3 | 18,1 |
| Албанија | 2,4 | 1,6 | 1,0 | 0,8 | 3,5 | 1,3 |
| Б и Х | 4,1 | 2,8 | 1,7 | 1,3 | 5,8 | 2,1 |
| Црна Гора | 1,3 | 0,9 | 0,1 | 0,1 | 1,4 | 0,5 |
| Косово | 8,0 | 5,5 | 0,3 | 0,2 | 8,9 | 3,2 |
| Србија | 11,2 | 7,6 | 15,1 | 11,5 | 26,3 | 9,4 |
| Хрватска | 2,1 | 1,4 | 2,3 | 1,7 | 4,4 | 1,6 |
| Молдавија | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 | 0,0 |
| Турција | 2,3 | 1,6 | 9,0 | 6,8 | 11,4 | 4,1 |
| Украина | 0,4 | 0,3 | 0,1 | 0,1 | 0,5 | 0,2 |
| **Вкупно** | **410,2** | **100,0** | **131,7** | **100,0** | **278,5** | **100,1** |

*Одобренија за акцизно повластено користење и акцизни дозволи*

На крајот на 2013 година вкупниот број на активни акцизни дозволи по економски оператори изнесува 81. На крајот на декември 2013 година вкупниот број на активни одобренија за акцизно повластено користење по економски оператори изнесува 319.

## ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО НА СТОКИТЕ

Република Македонија има склучено повеќе договори за слободна трговија и тоа со Турција, Украина и државите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА. **Вкупно реализираниот надворешен трговски промет со преференцијален третман во 2013 година со овие земји изнесува 278,4 милијарди денари**. Најголем дел од овој промет е остварен со земјите членки на ЕУ и претставува 77,1% од вкупниот преференцијален промет, што е за 3% повеќе во однос на истиот период во 2012 година. Размената со земјите членки на ЦЕФТА во 2013 година изнесува 18%, што е исто за 18% помалку во однос на истиот период во 2012 година.

**Извозот при кој е користен доказ за преференцијално потекло во 2013 година изнесува 146,8 милијарди денари**. Најголемо учество има ЕУ со 77,8% од вкупниот промет, што претставува зголемување во однос на истиот период во 2012 година од 11%, додека извозот со преференцијално потекло кон земјите членки на ЦЕФТА бележи пад за 24% во однос на истиот период во 2012 година.

**Увозот за кој е користен преференцијален третман во 2013 година изнесува 131,7 милијарди денари**. Најголемо учество има увозот од државите членки на ЕУ со 76,3%, што претставува намалување за 4% во однос на истиот период во 2012 година. Увозот со преференцијален третман од државите членки на ЦЕФТА е за 9% намален во однос на истиот период во 2012 година.

Генерално, извозот со преференцијален третман во 2013 година е поголем во однос на увозот.

## ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ И НАПЛАТА НА ПРИХОДИ

### ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ

Во 2013 година обработени се вкупно 952,47 илјади царински декларации од кои најголемиот дел се однесуваат на увоз (над 41%) и транзит (над 37%), по кој следи извозот со околу 21%.

Најголем дел од вкупниот број на декларации се обработени во царинарница Скопје (33,6%), во царинарница Гевгелија се обработени 27,4% од вкупниот број на декларации, а во царинарница Куманово 24,3%. Останатите околу 15% се обработени во царинарница Битола 7,55% и царинарница Штип 7,14%.

## ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА (ТМВ) НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ

**Во 2013 година на граничните премини за патен сообраќај вкупно транзитирале над 870 илјади ТМВ**, од кои околу 557 илјади полни, а околу 312 илјади празни ТМВ. Најголем промет е остварен на граничните премини со Грција (околу 298 илјади или околу 34% од вкупниот промет), по што следи Србија (околу 252 илјади или околу 29%). Најголем промет по поединечни премини е остварен на ГП Табановце со околу 29% од вкупниот промет, по кој следи ГП Богородица со околу 26%, ГП Блаце со околу 14% итн.

**ОБРАБОТЕНИ ДЕКЛАРАЦИИ СПОРЕД ВИД НА ТРАНСПОРТ**

| Вид на транспорт | Број на обработени декларации (во илјади) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | Увоз | Извоз | Транзит | Вкупно |
| Патен сообраќај | 370,62 | 187,29 | 300,96 | 858,85 |
| Железнички сообраќај | 3,50 | 1,18 | 58,28 | 62,93 |
| Авио сообраќај | 18,39 | 9,51 | 0,24 | 28,11 |
| Поштенски сообраќај | 1,81 | 0,22 | 0,00 | 2,04 |
| Други видови сообраќај | 0,47 | 0,04 | 0,02 | 0,54 |
| **Вкупно** | **394,80** | **198,21** | **359,49** | **952,47** |



# 7. КОНТРОЛА НА ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

***Царинската управа е должна да спроведува контроли на примената на законите од аспект на наплатата на буџетските приходи, спречување на нелегална трговија и нелојална конкуренција, спречување трговија со забранета стока и финансирање тероризам, заштита на животот и здравјето на луѓето, како и заштита на животната средина и културното наследство.***

## ОСНОВНА РАМКА

Во 2013 година Царинската управа продолжи да ги унапредува системите за анализа на ризик, царинско разузнавање, контрола на трговски друштва и работа на специјалните единици.

Со цел успешно извршување на надлежностите од оваа област, Царинската управа во 2013 година донесе:

- **Стратегија за спречување на неовластена трговија со наркотични средства, средства кои го загрозуваат здравјето на луѓето 2013-2015 година**. Стратегијата има за цел намалување на трговијата и побарувачката на дрога, превенција на организираниот криминал со наркотични средства и спречување на финансирање на тероризам и перење пари, превенција од користење на дрога преку подигање на свеста кај луѓето, а посебно децата и младите.
- **Стратегија за меѓусебно признавање на царински контроли со соседните држави 2013-2015 година и Акционен план за спроведување на Стратегија за меѓусебно признавање на царински контроли со соседните држави 2013-2015 година**. Целта на истата е да се обезбеди олеснување, забрзување и поедноставување на царинските постапки, намалување на трошоците и зголемување на конкурентноста на македонската економија, како и забрзување на протокот на луѓе и стока во Република Македонија.
- **Стратегија за спречување на недозволена трговија со оружје 2013 - 2015 година**. Стратегијата има за цел намалување на нелегалната трговијата и побарувачката на оружје, превенција од организираниот криминал со оружје и спречување на перење пари како и финансирање на тероризам.

Во текот на 2013 година беше извршено прилагодување на голем број интерни упатства со кои се уредува работењето на организационите единици на Секторот за контрола и истраги во делот на царинското разузнавање, истрагите, мобилните тимови, спроведувањето на пост-царинските контроли со стандардот ИСО 9001:2008.

Со цел организирано и одржливо извршување на надлежностите во оваа област, како и во претходните години, на почетокот на 2013 година Царинската управа донесе минимални квантитативни цели за спречување нелегална трговија и за олеснување на трговијата за 2013 година по организациони единици.

Донесена е Процедура за управување со ризик, со која се опишува Процесот на управување со ризикот и се обезбедува стандардна методологија за спроведување на управување со ризикот.

Со цел овозможување на автоматизирана селекција и анализа на ризик на патниците во авионскиот сообраќај кои ја напуштаат Република Македонија изготвено е Корисничкото упатство за користење на модулот РААВИО за селекција на патници пред полетување на воздухоплови и Упатство за селекција на патници пред полетување на воздухоплови преку „РААВИО“ модулот.

Во јануари 2013 година е донесено Упатство за работа за апликацијата за системска размена на податоци SEED 2, која овозможува размена на податоци по електронски пат помеѓу царински администрации на две држави во реално време. Системот служи за електронско раздолжување на транзитот од една во друга соседна држава и за обезбедување на претходни информации за примена на методите за анализа на ризик.

## ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА

### ФИЗИЧКА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА

Физичката царинска контрола опфаќа контрола на влез, излез и транзит на стока и патници во царинското подрачје на Република Македонија и декларирањето на видот и количината на стоката за нејзино царинење.

Со примена на системот за анализа на ризик, во 2013 година, во соработка со други државни институции надлежни за контрола на примената на законите, како и врз основа на непосредна проценка на царинските службеници, физичката царинска контрола резултираше со над 736 успешни акции.



*342 кг високо квалитетна марихуана запленета на 07.01.2013 година на излез на ГП Меџитлија, во координација на Царинска управа и МВР. Дрогата беше сокриена во душеци натоварени во ТМВ.*

### *Спречување нелегална трговија со опојни дроги, психотропни супстанции и прекурзори*

Во 2013 година во 38 акции самостојно или со Министерството за внатрешни работи запленети се околу 950 кг наркотични дроги, психотропни супстанции и прекурзори, од кои:

- во 32 акции откриени се 933,187 кг марихуана
- во 5 случаи откриени се 13,834 кг хероин
- во еден случај откриени се 4 таблети амфетамини.

Најголемиот дел од запленетите наркотични средства се запленети при нивно транзитирање низ Република Македонија кон држави членки на ЕУ.



### *Спречување на нелегален пренос на готови пари и хартии од вредност*

Во текот на 2013 година се откриени **82 обиди за нелегално пренесување преку граница на готови пари и хартии од вредност** во различни валути, **во противвредност од околу 1.467 илјади евра.**



*90 илјади евра запленети во ноември 2013 година на на влез на ГП Богородица (Грција), пронајдени на задното седиште, во црна ташна.*



*126 кг марихуана запленета на 27.01.2013 година на ГП Табановце на излез, сокриена во покривот на автобус кој патувал на релација Струга – Виена.*



*90 илјади евра и 28.300 дански круни запленети во јуни 2013 година на влез на ГП Табановце кај македонски државјанин кој пристигнал со автобус, но на меѓупросторот помеѓу Србија и Македонија одлучил да слезе од автобусот и да ја помине границата пеш.*



*4 илегалци, државјани на Сирија откриени при обид илегално да влезат во државата на железничката станица Гевгелија, при контрола на товарен воз што сообраќал на релација Грција-Австрија, во подвозјето на еден од вагоните.*



*31 илегалци откриени во март 2013 година на железничката станица Гевгелија, при контрола на товарен воз што сообраќал на релација Грција–Австрија.*
*20 илегалци биле пронајдени во внатрешноста на четири контејнери со церада, а 11 илегалци биле откриени во надворешниот дел на 2 вагони, легнати на носачите под натоварените контејнери.*

### *Спречување нелегална миграција*

Во 2013 година **во 54 случаи** Царинската управа откри **258 странски државјани кои се обидоа нелегално да ги преминат границите на Република Македонија**. Најголем број од странските нелегални мигранти се откриени при транзит низ Република Македонија, чија крајна дестинација биле држави членки на ЕУ. Најчесто нелегалните мигранти не поседувале документи.



Покрај погоре прикажаните заплени реализирани во текот на 2013 година како поинтересни можат да се издвојат и следните заплени и привремено задржани стоки:

- во 15 акции откриени се околу 15 илјади парчиња оружје и муниција,
- во 3 акции се запленети 74 предмети кои претставуваат културно наследство на Република Македонија,
- во 3 акции во 2013 година се запленети 245 живи животни,
- во 18 акции се запленети 110.664 парчиња лекови,
- во 35 акции се запленети 7.936 кг, 434 литри и 177 парчиња прехранбени производи,
- во 91 акција се запленети 804 илјади парчиња и 45,5 килограми цигари и други тутунски производи,
- во 116 акции, привремено се задржани околу 93,325 илјади парчиња облека, околу 1.366 килограми текстилни материјали и модни додатоци, 11 ролни со ткаенина и околу 15.672 метри репроматеријали,
- во 50 случаи запленети се околу 21.171 парчиња (од кои 7.137 парчиња се сребрен и златен накит) на бижутерија, галантерија и други предмети, и накит од благородни метал,
- во 47 акции се запленети 54.848 парчиња на козметички производи, парфеми и средства за хигиена,
- во над 186 случаи се запленети над 260 илјади парчиња, 739 метри, 8.131 килограми и 25 литри разновидна стока (машини, опрема, намештај, бела техника, кујнски прибор, мобилни телефони, автоделови и автокозметика, обувки и др).



*748 штеки цигари пронајдени кај четворица македонски државјани пријавени за излез од државата за летот на релација Скопје –Лондон Лутон*



*8 автоматски пушки, 4.696 куршуми, 20 рачни бомби „кашикари", 1 пиштол и една рамка за пиштол и 20 иницирачки railcapsli за активирање на експлозивни направи запленети на излез на ГП Деве Баир во фабричките шуплини на патничко моторно возило.*




*6.349 пакетчиња лекови, откриени во ноември 2013 година при контрола на товарно возило комбе, управувано од косовски државјанин, кој започнал транзитна постапка од ГП Богородица до ГП Блаце, при што при контрола во одредишната испостава е откриено дека недостасуваат 28 пакети со лекови.*



*22 килограми пршута запленети во мај 2013 година на ГП Блаце-влез. Стоката е пронајдена при контрола на автомобил со српски регистарски ознаки сокриена во резервната гума и под седиштата на возилото.*



*3 ловечки кучиња раса „Посавски гонич", откриени од царинските службеници и полицијата, при обид за нелегално преминување на границата надвор од ГП Дојран од страна на македонски државјанин. Прекршителот немал никакви документи за кучињата, ниту пак ветеринарен сертификат за нивната здравствена состојба.*



*48 стари нумизматички монети, кои датираат од 2 век п.н.е. до 4 век од н.е., како и монети од поново време (од 17 век од н.е.), со различно писмо, големина и ознаки од Македонија запленети во април 2013 година на ГП Делчево.*



*16 ГПС уреди за навигација за товарни возила, марка VEHICLE TRACKER, откриени во јуни 2013 година на скопскиот аеродром Александар Велики, при контрола на патните торби на македонски државјанин, кој допатувал со лет од Саеве, Шведска.*



*1.600 парчиња рачно-изработен луксузен сребрен накит, запленети во февруари на Аеродромот Александар Велики, Скопје. Накитот е пронајден во патни торби на 4- патници турски државјани кои пристигнале со лет Истанбул – Скопје.*



*36 парфеми, марка ESSENS, од 50 ml запленети во март 2013 година на ГП Табановце-влез. Парфемите се откриени при контрола на патната торба на македонска државјанка, патничка во автобус со српски регистарски ознаки.*



*30 литри (300 шишиња од 100 ml) течност од црно семе и мед и 2 кг црно семе, откриени на скопскиот аеродром Александар Велики, при контрола на патните торби на македонски државјанин кој допатувал со лет од Истанбул.*






## Непочитување на правилата за управување на странски возила и возила за јавен превоз

Самостојно или во соработка со Државниот инспекторат за транспорт, поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Македонија, во 2013 година Царинската управа привремено задржа 165 моторни возила од кои 118 патнички моторни возила, 5 товарни моторни возила, 41 мотоцикл и еден мопед.

Притоа, вкупно се откриени 28 случаи на непочитување на прописите во меѓународниот превоз на патници и стоки.

## Девизни средства

На граничните премини во Република Македонија, во текот на 2013 година вкупно се пријавени девизни средства во противвредност на 16,26 милиони евра, од кои 99,79 % се пријавени на влез во државата, а само 33 илјади евра при излез од државата. Од вкупно пријавените девизи, најголеми девизни пријави се во евра, а помалку застапени се CHF (швајцарски франци) и USD (американски долари).

Во однос на царинските испостави, најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Блаце (противвредност на 9,36 милиони евра) и ЦИ Аеродром Скопје (противвредност на 2,64 милиони евра).

| Вид на документ | Невалидни | Фалсификувани | Други | Вкупно |
|---|---|---|---|---|
| Фактури (пониска вредност) | 18.630 | 4 | 7.346 | 25.980 |
| Сертификати за преференцијално потекло | 318 | 13 | 70 | 401 |
| Несоодветно тарифно распоредување на стоката | 329 | 21 | 149 | 499 |
| Други документи за пресметка на увозни давачки | 28 | 7 | 62 | 97 |
| Други видови невалидни документи | 16 | 2 | 4 | 22 |
| **Вкупно** | **19.321** | **47** | **7.631** | **27.000** |



## ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА

Документарната царинска контрола опфаќа контрола на усогласеноста на царинските и други документи за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит, привремен увоз, на правни лица и за нивните управители, како и за физички лица, без оглед дали станува збор за резиденти и за нерезиденти.

Врз основа на непосредна документарна царинска контрола, во 2013 година, во над 27 илјади случаи се откриени несоодветни документи за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои над 25,9 илјади случаи невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, 401 случај на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, 499 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки со помали увозни давачки и 119 случаи на презентирање други видови несоодветни документи за избегнување плаќање на увозни давачки или мерките на трговската политика.

Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи, во 2013 година увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 633,04 милиони денари на име увозни давачки.



| Вид на контрола | Број на контроли 2013 | Број на контроли 2012 |
|---|---|---|
| Контрола на трговски друштва | 70 | 55 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 45 | 55 |
| Контрола на иматели на одобренија за увоз за облагородување | 261 | 222 |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 241 | 153 |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 50 | 36 |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 247 | 1.175 |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 111 | 231 |
| Контрола на иматели на други одобренија | 5 | 0 |
| **Вкупно** | **1.030** | **1.927** |

## ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА

Во 2013 година се **примени 631 мостра**, при што во **117 случаи** е констатирано дека стоката била распоредена во несоодветна тарифна ознака.

Од 117-те случаи во **49 случаи** промената е извршена врз основа на лабораториска анализа, а во **68 случаи** промената е извршена врз основа на техничка документација.

Несоодветното тарифно распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со помала или без царинска стапка или стапка за ДДВ како и со цел избегнување на забрани и ограничувања за увоз на стока, утврдени со мерките на трговската политика. Со анализите е утврдено дека увозниците со несоодветното тарифирање се обиделе да избегнат царински давачки во износ од 4,2 милиони денари. Против сторителите се превземени мерки согласно законот.



## РЕЗУЛТАТИ ОД ПОСТЦАРИНСКА КОНТРОЛА

Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва после спроведено царинење, надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки за вршење работи на застапување во царински постапки, иматели на акцизни дозволи или одобренија и др.

Во 2013 година извршени се 1.030 контроли на трговски друштва, вклучително и иматели на царински и акцизни одобренија. При извршените 70 контроли на трговски друштва на увозни или извозни царински постапки откриени се 32 случаи на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки на вкупен износ од 12,16 милиони денари и еден случај на поднесување на невалидни документи за испорака во внатрешниот промет. При извршените 45 контроли на иматели на акцизни одобренија откриени се 2 случаи на обид за избегнување плаќање на акцизни давачки на вкупен износ од 4,52 милиони денари и еден случај кога не се исполнети условите за враќање на платена акциза за употребен течен нафтен гас како погонско гориво.

### ПРЕЗЕМЕНИ ПРАВНИ МЕРКИ ЗА ОТКРИЕНИ НЕПРАВИЛНОСТИ

Покрај непосредно, наложување (со записник) плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.



### *Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки*

Во текот на 2013 година, Царинската управа донесе 901 решение за наплата на увозни давачки, ДДВ, акцизи и надоместоци во вкупен износ од околу 575 милиони денари.

На име дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ се донесени 890 решенија, на вкупен износ од 133,7 милиони денари.

На име дополнителна наплата на акцизи и надоместоци за акцизни добра донесени се 11 решенија, на вкупен износ од 441,3 милиони денари.

### *Пријави за царински, девизни и акцизни прекршоци*

Во 2013 година Царинската управа **поднесе 94 кривични пријави против 123 физички лица и 25 правни лица**. Најголем дел од поднесените кривични пријави се однесуваат на недозволено тргување со наркотични droги (27 кривични пријави против 43 физички лица) и поднесени фалсификувани фактури (17 кривични пријави против 17 физички лица и едно правно лице).

Во 2013 година се изречени 2.093 мандатни казни против 1.159 физички лица и 934 правни лица, на вкупен износ од 21,2 милиони денари. Најголем број на мандатни казни беа изречени во Царинарница Скопје (814), по која следи Царинарница Гевгелија (450). Најголем дел од нив се изречени поради пречекорен рок за транзит, неисполнување на обврски од одобрение за постапка со економски ефект, неправилно наведена вредност, потекло на стока, нереално прикажани транспортни трошоци, како и по други основи.

Во 2013 година до Царинската управа се доставени 995 прекршочни пријави против 752 физички лица и 243 правни лица. Најголем дел од нив се однесуваат на царински прекршоци (884), но значителен е и бројот на девизни прекршоци (95).

Во истиот период вкупно се решени 1.731 прекршочни пријави, при што се изречени глоби на вкупен износ од околу 100,13 милиони денари, додека во 64 предмети за сторен девизен прекршок изречена е мерка одземање на непријавените девизни средства кои во денарска противвредност изнесуваат околу 75,8 милиони денари.

## УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ

Во 2013 година Царинската управа учествуваше во **Проектот „GLOBAL SHIELD“** - мултилатерална операција за борба против нелегалниот транспорт и трговија со високо ризични хемикалии кои се употребуваат за производство на експлозиви, во организација и координација на Светската царинска организација (СЦО), како и во меѓународната операција **TROJAN HORSE III** (борба против трговија со стоки кои го повредуваат правото на интелектуална сопственост), организирана од SELEC. Царинската управа исто така учествуваше во Проектот **„SMART II“**, во организација на СЦО, фокусиран на борба против илегалниот промет на „Legal Highs” производи со психоактивни ефекти, во операцијата **БЕЛИОТ МЕРКУР**, во чии рамки се реализираа операциите ORION 2, BLACK PEARL III и МИРАЖ 2013.

Продолжи редовната соработка со **UNODC**, со царинските служби на Србија, Косово, Албанија, Бугарија, Хрватска, Германија, Франција и Шведска, како и континуираната размена на информации преку EU TWIX (мрежа за размена на информации поврзани со заштита на загрозени животински и растителни видови).




### ЗАДРЖАНИ ПРОИЗВОДИ ВО 2013 ГОДИНА ПОРАДИ СОМНЕВАЊЕ ДЕКА ПОВРЕДУВААТ ПРАВО ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

| | Вид на производи | Единица мерка | Количина |
|---|---|---|---|
| 1 | Облека, додатоци и други поврзани производи и репроматеријали | Парче | 17.960 |
| 2 | Обувки и додатоци | Пар | 36.321 |
| 3 | Парфеми, дезодоранси, козметика и сл. | Парче | 19.041 |
| 4 | Телефони, ИТ, аудио, видео, делови и опрема и сл. | Парче | 10.745 |
| 5 | Авто делови и опрема | Парче | 18.662 |
| 6 | Лекови | Парче | 80 |
| 7 | Друго | Парче | 230.990 |
| | **Вкупно** | | **333.799** |



## ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ

Царинската управа продолжи со активностите за унапредување на своите капацитети за заштита на правата од интелектуална сопственост. Преземени се активности за унапредување на администрирањето и зголемувањето на интересот на имателите на трговски марки да регистрираат барања во Царинската управа за заштита на нивните права од интелектуална сопственост, зголемување на јавната свест за штетните последици од производство, трговија и употреба на фалсификувани стоки, како и унапредување на капацитетот за анализа на ризик и идентификување на фалсификувани стоки.

Донесено е **Упатството за воведување на електронски евиденции во процесите за заштита на правата од интелектуална сопственост.** Целта на воведување на оваа евиденција е добивање на систематизирана и структурирана база на податоци за овозможување на пристап кон привремено задржаните стоки, по основ на повреда на права од интелектуална сопственост и детален преглед на заштитените трговски марки.

Донесено е **Корисничкото упатство за работа со платформата на Светската царинска организација (СЦО) за заштитени трговски марки и повреда на права од интелектуална сопственост**. Апликацијата претставува средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите, како и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки. Во 2013 година бројот на регистрирани царински службеници – корисници на IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО изнесуваше 530, од нив 327 се активни корисници и истите оствариле 19 пристапи до апликацијата.

На крајот на 2013 година бројот на регистрирани барања за царинска заштита на трговски марки во однос на права од интелектуална сопственост изнесуваше 334, што е за 112 повеќе во споредба со крајот на 2012 година.

Поради основано сомневање дека повредуваат право од интелектуална сопственост во 2013 година Царинската управа задржа 333,8 илјади парчиња стока.

Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки: Tissot, Longines, Rado, Depakine, The North Face и Amaryl, Wash&Go, Sportmax, Max & Co, Weekend By Max Mara, Marina Rinaldi, Slovenoil.

Врз основа на потврдена повреда на права од интелектуална сопственост, во текот на 2013 година, под царински надзор **беа уништени 109.503 парчиња и 252 кг фалсификувана стока.**

**Со Одлука на Владата на Република Македонија, бесплатно беше отстапена стока (3.070 пара спортски обувки и 1.096 парчиња текстилни производи) за која е утврдено дека повредува право од интелектуална сопственост на Министерството за труд и социјална политика со цел да биде донирана на граѓаните од социјално ранлив карактер.**

## НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ

Царинската управа администрира и врши наплата на царина, ДДВ од увоз, акцизи (на производство, увоз и промет) и надоместоци од увоз. **Во 2013 година Царинската управа по сите основи наплати вкупно 61.883 милиони денари,** што е за 3% помалку во однос на 2012 година кога беа наплатени 64.064 милиони денари.

### ЦАРИНА

Од вкупно наплатените нето приходи по основ на **царина и други царински давачки со еквивалентен ефект, во** 2013 година се наплатени вкупно 4.255 милиони денари што е за 8 % повеќе **од планираните 3.942 милиони денари приходи и** 5% повеќе во однос на наплатените приходи по основ на царина во истиот период 2012 година, кога се наплатени вкупно 4.066 милиони денари.

Најголемо зголемување на приходите од царина бележи увозот на **тутун и производи за замена на тутун** (43%), кое се должи на зголемената вредност и количина на овој вид стока. Увозот на **млеко и производи од млеко, живински птичји јајца, природен мед, јастиви производи од животинско потекло, неспомнати ниту опфатени на друго место** бележи зголемување од 40%, а се должи на зголемената вредност на овој вид стока, како и на зголемената просечна цена на увоз.

### НАПЛАТЕНИ ПРИХОДИ (ВО МИЛИОНИ ДЕНАРИ)

| **Вид на приход** | **2013** | **2012** | **2013/2012** |
|---|---|---|---|
| Царина | 4.255 | 4.066 | 5 |
| ДДВ | 37.741 | 41.041 | -8 |
| Акциза | 18.064 | 16.630 | 9 |
| Надоместоци | 1.823 | 2.326 | -22 |
| **Вкупно** | **61.883** | **64.064** | **-3** |







### ДДВ

Наплатените приходи по основ на **ДДВ** при увоз во 2013 година изнесуваат **37.741 милиони денари, односно 8% помалку во однос на наплатените приходи во истиот период 2012 година кога се наплатени 41.041 милиони денари.** Најголемо намалување на приходите од ДДВ бележи увозот на **минерални горива, минерални масла и производи од нивна дестилација, битуменозни материи, минерални восоци** (25%), кое се должи на намалената вредност и количина на увозот на овој вид стока, увозот на **железо и челик** (28%) кое се должи нанамалената вредност и количина на овој вид стока и увозот на **возила, освен железнички или трамвајски шински возила, и нивни делови и прибор (10%) кое се должи на намалената вредност на овој вид стока.**

### АКЦИЗИ

Вкупно наплатените приходи од **акциза во внатрешен промет и увоз** во 2013 година изнесуваат 18.064,3 милиони денари **што е 9% повеќе во однос на наплатените приходи во истиот период 2012 година кога се наплатени 16.630 милиони денари.** Учеството на наплатената акциза во внатрешен промет во вкупно остварениот приход од акциза е 81% наспроти наплатената акциза при увоз која учествува со 19%.

Најголем приход е остварен од наплатата на акциза за минерални масла и деривати кои учествуваат со 53,3% во вкупно остварениот приход од акцизи и од наплатата на акциза за тутун и тутунски производи, кои учествуваат со 37,9% остварениот приход од акцизи.

Во однос на приходите од акциза наплатени во истиот период 2012 година, најголем пораст од 19% бележи наплатата од акциза за тутун и тутунски производи, наплатата од акциза за алкохол и пиво 10% и 2% од наплатата за акциза за минерални масла, додека пад од 14% бележи наплатата на акциза за патнички возила.

### НАДОМЕСТОЦИ

Вкупно наплатените приходи од **надоместоци остварени во внатрешен промет и увоз** во 2013 година изнесуваат 1.823,4 милиони денари, што е 22% помалку во однос на наплатените приходи во истиот период 2012 година кога се наплатени 2.326 милиони денари. Причината за падот на приходите од надоместоци е укинувањето на надоместокот за тутун и тутунски производи и надоместокот за здравствена заштита од 13.07.2013 година.

Наплатените надоместоци од увоз учествуваат со 54% во вкупно наплатените приходи од надоместоци, наспроти приходите од надоместоци од внатрешен промет кои учествуваат со 46% во вкупно наплатените приходи од надоместоци. Најголем приход е наплатен од надоместокот за здравствена заштита кој во вкупниот приход учествува со 39,9%.

# 8. ТРАНСПАРЕНТНОСТ

## ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

Во рамките на Царинската управа, комуникацијата со јавноста се одвива преку Службата за односи со јавноста. Во насока на унапредување на протокот на информации, редовно се ажурира интернет страницата на Царинската управа (македонски, англиски и албански јазик) и секојдневно се работи на подобрување на презентираните содржини, со цел приближување и запознавање на обичните луѓе со активностите на царината, како и олеснување и забрзување на работата со доставување на навремени и корисни информации до бизнис заедницата. Со цел поголема транспарентност на Царинската управа, отворена е бесплатна телефонска линија (197), додека на интернет страницата на Царинската управа може да се најде и граѓанскиот дневник каде уредно се одговара на сите доставени претставки и предлози како и барања за информации од јавен карактер.

### ОТВОРЕНА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА (197)

**На отворената царинска телефонска линија (197), во текот на 2013 година беа примени над 20 илјади повици**, од кои 44 „А“ класа[7], 66 повици од „Б“ класа[8], 870 повици од „С“ класа[9] и 67 повици од „Ј“ класа[10]. Најголемиот дел од повиците се однесуваа на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и спроведување на поедини царински постапки.

### ПРЕТСТАВКИ И ПРЕДЛОЗИ И СЛОБОДЕН ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ

Во 2013 година, Царинската управа прими 7 претставки и предлози како и 9 барања за информации од јавен карактер, и по истите беше соодветно постапено.

## ЦАРИНСКА СОРАБОТКА

### СОРАБОТКА СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА

Во текот на 2013 година продолжи успешната соработка со **Советодавното тело,** во кое членуваат 5 стопански комори, асоцијации на шпедитери, транспортери, кластери на производители на текстил и обувки. Во соработка со Советодавното тело, во просториите на Царинската управа и во 6 градови во Република Македонија беа одржани **9 работилници, презентации и советувања на кои присуствуваа претставници на повеќе од 350 компании.**

На крајот на 2013 година, **Царинската управа пред пошироката јавност ги презентираше поволностите што произлегуваат од употребата на новите електронски системи - E-lohn системот и Системот за електронско следење на трговијата со минерални масла кои содржат материја за обележување**, кои од 1 јануари 2014 година станаа задолжителни за употреба.

7 А класа се информации за кои се бара неодложна акција од страна на царинска испостава или мобилна екипа

8 В класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинската управа

9 С класа се информации што не можат да се користат, односно се повици за поплака или пофалба на царински процедури

10 Ј класа се информации проследени до Сектор за професионални стандарди, што се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници



Во декември 2013 година **Царинска управа го предаде првото уверение за овластен економски оператор ОЕО-Ф Царински поедноставувања/Безбедност и сигурност на Џонсон Контролс Македонија ДООЕЛ**. Со тоа беа поставени законските основи за сите подносители на барања за издавање на уверенија и беше воспоставена процедура за процесирање на идните барања за издавање на уверенија од овој тип.





## СПРОВЕДЕНИ КАМПАЊИ

Организирана **кампања „Новини при вршење инспекциски надзор поврзан со царински постапки"**, во соработка помеѓу Советодавното тело, инспекторатите и Царинската управа, со цел појаснување и олеснување на постапките во кои се вклучени инспекциските органи**.** Советувања беа одржани во Скопје, Битола и Струмица, со учество на вкупно 120 претставници на бизнис заедницата. Кампањата продолжи и во 2014 година.

## ПОТПИШАНИ МЕМОРАНДУМИ

**Кампања за промоција на олеснувањата и поедноставувањата во царинските постапки** во соработка со АМЕРИТ-СИЗ Македонија Сообраќај. Одржани се 7 работилници во Штип, Струмица, Куманово, Битола, Гевгелија, Скопје и Гостивар, за промовирање на сите новини во царинското работење што претставуваат олеснување во спроведувањето на царинските постапки, со цел да се поттикнат стопанствениците за нивна почеста примена.

По повод 60-годишнината од своето основање, **СИЗ Македонија сообраќај-АМЕРИТ и додели Плакета за успешна соработка на Царинска управа на Република Македонија,** како благодарност за секојдневната успешна соработка во постапката на издавање и проверка на TIR карнети.

**Меморандум за меѓусебна соработка со Тутунскиот комбинат АД Прилеп,** во насока на јакнење на меѓусебната помош и поддршка во остварување на заедничките интереси - ефикасна борба против организираниот криминал со тутун и тутунски производи.

**Меморандум за соработка со нафтената компанија ЛУКОИЛ,** со цел подобра соработка во заедничкото делување за минимизирање на нелегалната трговија со нафта и нафтени деривати и поуспешна заштита на легитимната трговија.

**Меморандум за соработка со АД Македонски Железници – Транспорт, ЈП Македонски Железници – инфраструктура,** со цел обезбедување на полесен, поедноставен и побрз проток на стока и патници превезувани преку железница, ефикасна царинска контрола, заштита на населението од аспект на безбедност, заразни болести, распространување на оружје и наркотици, следење, усогласување, оптимизација и изнаоѓање на решенија за проблемите поврзани со проток на патници и стока на железничките гранични премини.

**Меморандум за меѓусебно разбирање и соработка со А.Д. МЕПСО**, координација и процедури при пренос на електрична енергија низ високонапонската мрежа, управувањето со електроенергетскиот систем на Република Македонија и спроведувањето на мерките за царински надзор, царинска контрола и царинењето на електрична енергија.

**Меморандум за меѓусебна соработка помеѓу директорот на Царинска управа и директорот на KGH Border Services AB од Шведска со** цел модернизација на граничните премини во Република Македонија и целосна поддршка во применувањето на најдобрите практики според меѓународни стандарди, при увоз и извоз на добра помеѓу двете земји.









## СОРАБОТКА ЦАРИНА - ЦАРИНА

Потпишана е Спогодба **за соработка и взаемна помош по царински прашања** помеѓу **Царинската управа на Република Македонија и Царинската управа на Црна Гора, во името на Владата на Република Македонија и Владата на Црна Гора.** Со Спогодбата беше промовирана соработката помеѓу двете царински служби во домен на спречување, разоткривање и сузбивање на измами и спроведување на истраги поврзани со царински прекршоци, преку размена на информации и техничко искуство.

**Остварена е билатерална средба помеѓу директорот на Царинската управа на Република Македонија со директорот на Подсекретаријатот за царина на Република Турција, задолжен за ЕУ и надворешни прашања во Анкара - Турција,** на која беа разгледани конкретните резултати од успешната досегашна соработка и се размена мислења и предлози за нејзино продлабочување.

Претставник на Царинската управа на Република Македонија, во улога на акредитиран оперативен и технички советник во СЦО, учествуваше во **Оперативна мисија во Африка** (во пристаништето Момбаса во Кенија) **наречена "BIYELA", во организација на Светската царинска организација (СЦО).**




Целта на оваа мисија беше откривање и заплена на фалсификати, подобрување на соработката помеѓу Царинските служби од африканскиот регион со приватниот сектор, односно имателите на правата на интелектуалната сопственост, размена на информации и спроведување на инструментот на СЦО за борба против фалсификувањето и пиратеријата - IPM платформа за заштитени трговски марки.

Во мај 2013 година **претставници на Државниот царински комитет на Република Азербејџан остварија билатерална средба со претставниците на Царинската управа**. Во знак на соработка, Државниот царински комитет на Азербејџан донираше четири кучиња специјално дресирани за откривање на дрога, со обезбедена обука за нивните водичи и софистицирана компјутерска опрема.

Под покровителство на Царинската управа на Република Македонија и Министерството за култура во Националната галерија „Чифте Амам“ беше поставена изложба на артефакти (околу 200 предмети - уметнички слики, археолошки предмети, народни ракотворби и оружје) што се дел од културното наследство на Азербејџан. Артефактите и се доверени на чување на Царинската служба на Азербејџан, што е уште една потврда за активната улога на царинските служби во заштитата на културното наследство.










Во рамки на посетата се одржа и гала концертот „Пријатели засекогаш“ во Македонската опера и балет на кој учествуваа 17 врвни оперски и балетски уметници од Азербејџан и 12 оперски и балетски уметници од Македонија, со што беше упатена порака дека здружено можеме поуспешно да го негуваме и штитиме културното наследство.

**Делегација од Комисијата за европски прашања на холандскиот парламент, придружувана од амбасадорот на Кралството Холандија во Република Македонија, амбасадорот на Република Македонија во Кралството Холандија во посета на царинската испостава Кафасан.** При посетата беше презентирана работата на царинските службеници на граничните премини, функционирањето на системот за анализа на ризик, стратегијата за борба против корупцијата на Царинската управа, како и постојаните вложувања во унапредување на капацитетите.

Царинската управа на Република Македонија на 25 и 26 ноември 2013 година, во Скопје беше домаќин на **Меѓународен Состанок на раководителите на службите за разузнавање и истраги на царинските управи на земјите од европскиот регион на Светската царинска организација** на кој претседаваше Државниот царински комитет на Република Азербејџан. На состанокот се дискутираше за најновите методи и начини за борба против недозволената трговија со дрога и тутун, најновите стратегии за борба против фалсификати, актуелната состојба на царинското работење во европскиот регион.

Царинската управа на Република Македонија во соработка со Државниот царински комитет на Република Азербејџан на 27 ноември 2013 година во Скопје беше домаќин на **Регионална конференција за улогата на Царината во заштитата на културното наследство**. На конференцијата се дискутираа искуствата и мерките за контрола што се преземаат за заштита на движното културно наследство, улогата на Царината, меѓународните стандарди во регистрирањето на културни предмети и најновите трендови на криумчарење на културно наследство од страна на организирани криминални групи.

**Царинска управа на Република Македонија се здоби со ISO** 9001:2008 сертификат за управување со квалитет. Определбата за исполнување на условите за сертификација на имплементиран систем за управување со квалитет согласно ISO 9001, ја потврдува посветеноста на Царинската управа за придржување кон стандардите за квалитет и задоволување на потребите на корисниците и клиентите.








## МЕЃУИНСТИТУЦИОНАЛНА СОРАБОТКА

Царинската управа е првата државна институција во Македонија која се здоби со **сертификат за функционалност на царинскиот информациски систем МАКЦИС** (наменет за обработка на царински декларации), кој се издава за информациските системи кои ги користат органите при комуникација и размена на податоци и документи по електронски пат.

Кон крајот на 2013 година е **воспоставен систем за размена на електронски информации помеѓу Царинска управа и УЈП со цел олеснување на постапките за поврат на ДДВ при извоз на стока.** Благодарение на овој систем, компаниите повеќе не мора да доставуваат хартиени документи за увоз на стока издадени од Царинската управа во постапките за поврат на ДДВ во УЈП.

Во организација на Царинската управа на Република Македонија и Меѓународната организација за заштита на трговски марки (INTA) во октомври 2013 година се одржа **тркалезна маса на тема „Координација на државните органи во борбата против фалсификувањето“,** со цел да се разменат искуства и сознанија во процесот на спроведување на заштита на правата од интелектуална сопственост и да се обезбеди поефикасна координацијата помеѓу државните органи од една страна и застапниците или носителите на правата од интелектуална сопственост од друга страна.



СЕРТИФИКАТ

TÜV NORD

Систем за управување со квалитет согласно
EN ISO 9001 : 2008

Царинска Управа
на Република Македонија
ул. Лазар Личеноски № 13
1000 Скопје
Република Македонија



Програмата на **Амбасадата на САД за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS)** донираше опрема наменета за Царинската управа и Граничната Полиција при Министерството за внатрешни работи. Донираната опрема е придонес кон градењето на оперативните капацитети како и зајакнување на контролата на граничните премини.

Започна **реконструкцијата на главната управна зграда и придружните објекти на граничниот премин „Богородица“** со средства од ИПА фондовите за прекугранична соработка помеѓу Македонија и Грција и финансиско учество на македонската влада. Преку реализацијата на проектот треба да се олесни движењето долж Коридорот 10, но и да се придонесе во развојот на прекуграничниот промет, скратување на царинските постапки, подобрување на условите за работа на вработените и за престој на граѓаните што чекаат на влез и излез од нашата земја.

**Пуштен е во употреба реконструираниот и модернизиран дел од граничниот премин „Блаце“ за патници, лесни возила и автобуси.** Во присуство на највисоки претставници на Владата на Република Македонија, Царинската управа, претставници на институциите од Република Косово, на Светска Банка и на бизнис заедницата, на свечена церемонија беше одбележано завршувањето на овој значаен инфраструктурен зафат. Се до неговата реконструкцијата, овој премин претставуваше тесно грло во протокот на сообраќај и размена на стока и услуги помеѓу Македонија и северните држави долж Јадранската магистрала.



## ЦАРИНАТА ВО КОНТАКТ СО СТУДЕНТИТЕ

Во ноември 2013 година пред студентите од **Факултетот за туризам и угостителство при Универзитетот „Св. Климент Охридски“– Битола, насока Царина и шпедиција**, директорот на Царинската управа одржа академски час на тема „Управување со работата и промените во Царинската управа“, за запознавање со практичното работење на Царинската управа.

Царинската управа беше домаќин на **професори и студенти од текстилен факултет од Холандија**. За време на посетата беше одржана презентација преку која студентите се запознаа со работењето на Царината, идните проекти и планови, како и за придонесот на Царинската управа за развојот на текстилната индустрија во Република Македонија.

Во декември 2013 година, **студенти на правни студии при Американ колеџ – Скопје** заедно со деканот на колеџот оствариja посета на Царинската за време на која беа презентирани надлежностите на Царинската управа, нејзините организациони единици и нивното функционирање како и улогата на Царината како од финансиски аспект, така и од аспект на заштита на животната средина и здравјето на граѓаните на Република Македонија.









## ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ДЕНОТ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

На 14 април - **Денот на Царинската управа,** во 2013 година беа одбележани 21 година на самостојна и независна Царинска управа. По овој повод традиционално беше одржана свечена церемонија на која присуствуваа членови на Владата на Република Македонија, претставници на дипломатскиот кор, бизнис заедницата, нивни здруженија и други соработници на Царинската управа. На прославата доделени беа плакети и признанија на институции и компании со кои е остварено посебно ниво на соработка. Признание за посебни постигнувања добија и царинските службеници кои се истакнале со своите резултати и ангажирање во работењето. Во рамки на свеченоста ново вработените царински службеници положија свечена заклетва дека ќе ги почитуваат Уставот и законите на Република Македонија и дека професионално, стручно и чесно ќе ги извршуваат своите работни обврски.

Традиционално секоја година Царинските службеници ја покажуваат својата хуманост преку крводарителска акција.









## ЦАРИНАТА ВО ОЧИТЕ НА НАЈМЛАДИТЕ

Со постојана заложба за едукација на младите за работата на Царинската управа, особено во делот заштита на здравјето и животот на населението, во просториите на Управата се одржа **предавање за droги наменета за ученици од средните училишта во Скопје.** На тинејџерите од страна на мобилните тимови им беше презентирана опремата со која располагаме, како и начинот на кој се врши царинска контрола, а водичите на куче ги презентираа откривачките способности на царинските кучиња.

Со цел запознавање на најмладите со професијата Цариник и сите негови надлежности и обврски, беше организирано снимање на **едукативна емисија за деца на тема „Царина" со ученици од Основното училиште „Рајко Жинзифов" од Скопје.** Дечињата беа гости во Царинската управа каде беа пречекани од директорот и подетално беа запознаени со работата на Царината. Исто така децата го посетија и граничниот премин Табановце, царинарница Скопје и Аеродромот „Александар Велики". При посетата на граничниот премин Табановце царинските службеници практично им покажаа како се врши преглед на возило, преглед со скенер и преглед со царинско куче за откривање на дрога, при посетата на Царинарница Скопје се запознаа со начинот на вршење на царинење на стока, а подоцна на Аеродромот „Александар Велики" ги проверуваа патните торби на патниците, заедно со царинските службеници и со царинско куче. Децата го посетија и Информативниот музејски простор и сите најискрени детски емоции и прашања беа снимени и прикажани на свечената прослава по повод Денот на Царинската управа.

ПОДГОТВУВА И ИЗДАВА | ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Ул. Лазар Личеновски 13, 1000 Скопје

www.customs.gov.mk

ДИЗАЈН И ПЕЧАТИ | ЕВРОПА 92 - КОЧАНИ

ТИРАЖ | 150





РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ЦАРИНСКА УПРАВА
ЦАРИНА • CUSTOMS